Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот, Convention on Long–Range Transboundary Atmospheric Pollution (CLRTAP) – Протокол за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) – Протокол за контрола на испуштањето на азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување – Протокол во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур – Протокол за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување – Протокол за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти – Протокол за перзистентни органски загадувачки супстанции – Протокол за тешки метали – Протокол за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приземниот озон – Гетеборшки протокол – Директива 2001/81/ЕС за национални горни граници на емисии на поедини загадувачки супстанци **Прописи на РМ:** – Закон за квалитет на амбиентниот воздух. – Правилник за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (ЕМЕП). – Правилник за количините на горните граници–плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво. – Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на катастарот на загадувачи на воздухот. – Правилник за методите, начините и методологијата за мерење на емисии во воздухот од стационарни извори. – Правилник за формата и содржината на образците за доставување на податоци од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори,начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата,содржината и начинот на водење на дневник на емисии во амбиентниот воздух.
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**

Методологија на пресметување	Методологијата за инвентаризација – ЕМЕП/CORINAIR
Единица мерка	– kt/година
Начин на претставување	Индикаторот се прикажува нумерички и табеларно
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика – А2 МЗШВ – А3 Енергетски биланс на РМ-Министерство за економија – Министерство за економија – А4 Катастар за загадувачи и загадувачки супстанци во воздухот – А5 Инсталации кои вршат самомониторинг на емисии во воздух – А6 Базата на податоци за моторни возила на Министерството за внатрешни работи – А7 Инвентар на загадувачките супстанци по методологијата на инвентаризација EMEP/CORINAIR
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Број на население, количина на производи, количина на потрошени суровини, број на домашни животни, А1 – Количина на потрошени азотни вештачки ѓубрива, А2 – Количина на гориво, А3 – Вкупни годишни емисии на NH_3, количина на потрошено гориво и суровини, А4 – Вкупни годишни емисии на NH_3, А 5 – Вид на возило марка, тип на возило, комерцијална ознака/модел, боја на каросерија, земја на производство, година производство, датум на прва регистрација, работна запремина на моторот, сила на мотор, вид на гориво, најголема дозволена маса, сопствена маса на возило, носивост, основна намена, облик или намена на каросерија, број на места, сопственик-општина и километража, А6 – Вкупни годишни емисии на NH_3 по NFR, А7
Обврски за известување	**Меѓународни** – UNECE/CLRTAP (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) – EEA (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на порталот за квалитет на воздух www.airquality.moepp.gov.mk, на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците за количините и концентрациите на загадувачките супстанци важни за овој индикатор се доставуваат во пропишан формат во пишана или електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Инсталациите задолжени да вршат самомониторинг на емисиите, податоците ги доставуваат согласно фреквенцијата на мерења дадена во ИСКЗ дозволата

Тематска целина	**1 ВОЗДУХ**
Име на индикаторот	**B21 – Емисија на јаглерод моноксид – CO**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го следи и прикажува трендот на годишните емисии на јаглерод моноксид – CO **Врзани индикатори:** – B13 Таложење на оксидирани (NOx) и редуцирани (NHx) азотни соединенија и таложење на осидирани сулфурни соединенија (SOx) – B11 Емисии на супстанци што предизвикуваат киселост – B14 Емисија на примарни суспендирани честички со големина до 10 микрометри PM10 и секундарни прекурсори на истите – 3E 1 Бруто биланс азот
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот, Convention on Long–Range Transboundary Atmospheric Pollution (CLRTAP) – Протокол за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) – Протокол за контрола на испуштањето на азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување – Протокол во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур – Протокол за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување – Протокол за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти – Протокол за перзистентни органски загадувачки супстанции – Протокол за тешки метали – Протокол за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приземниот озон – Гетеборшки протокол – Директива 2001/81/ЕС за национални горни граници на емисии на поедини загадувачки супстанци **Прописи на РМ:** – Закон за квалитет на амбиентниот воздух. – Правилник за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (ЕМЕП). – Правилник за количините на горните граници–плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво. – Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на катастарот на загадувачи на воздухот. – Правилник за методите, начините и методологијата за мерење на емисии во воздухот од стационарни извори. – Правилник за формата и содржината на образците за доставување на податоци од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори,начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата,содржината и начинот на водење на дневник на емисии во амбиентниот воздух.
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**B**
Методологија на	Методологијата за инвентаризација EMEP/CORINAIR

пресметување	
Единица мерка	– kt/година
Начин на претставување	Индикаторот се прикажува нумерички и табеларно
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика – А2 Енергетски биланс на РМ-Министерство за економија – А3 Катастар за загадувачи и загадувачки супстанци во воздухот – А4 Инсталации кои вршат самомониторинг на емисии во воздух – А5 Базата на податоци за моторни возила на Министерството за внатрешни работи – А6 Инвентар на загадувачките супстанци по методологијата на инвентаризација EMEP/CORINAIR
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Број на население, количина на производи, количина на потрошени суровини, А1 – Количина на гориво, А2 – Вкупни годишни емисии на CO, количина на потрошено гориво и суровини, А3 – Вкупни годишни емисии на CO, А4 – Вид на возило марка, тип на возило, комерцијална ознака/модел, боја на каросерија, земја на производство, година производство, датум на прва регистрација, работна запремина на моторот, сила на мотор, вид на гориво, најголема дозволена маса, сопствена маса на возило, носивост, основна намена, облик или намена на каросерија, број на места, сопственик-општина и километража, А5 – Вкупни годишни емисии на CO по NFR, А6
Обврски за известување	**Меѓународни** – UNECE/CLRTAP (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) – EEA (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на порталот за квалитет на воздух www.airquality.moepp.gov.mk, на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците за количините и концентрациите на загадувачките супстанци важни за овој индикатор се доставуваат во пропишан формат во пишана или електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Инсталациите задолжени да вршат самомониторинг на емисиите, податоците ги доставуваат согласно фрекфенцијата на мерења дадена во ИСКЗ дозволата

Тематска целина	**1 ВОЗДУХ**
Име на индикаторот	**В22 – Емисија на тешки метали**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го следи и прикажува трендот на антропогените емисии на тешки метали олово, жива, кадмиум, арсен, бакар, хром, никел, селен, цинк (Pb, Hg, Cd, As, Cu, Cr, Ni, Se, Zn) и удел на главните сектори во емисиите на истите. **Врзани индикатори:** – В14 – Емисија на примарни суспендирани честички со големина до 10 микрометри PM10 и секундарни прекурсори на истите – В19 – Емисија на вкупни суспендирани честички
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот, Convention on Long–Range Transboundary Atmospheric Pollution (CLRTAP) – Протокол за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) – Протокол за контрола на испуштањето на азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување – Протокол во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур – Протокол за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување – Протокол за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти – Протокол за перзистентни органски загадувачки супстанции – Протокол за тешки метали – Протокол за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приземниот озон – Гетеборшки протокол – Директива 2001/81/ЕС за национални горни граници на емисии на поедини загадувачки супстанци **Прописи на РМ:** – Закон за квалитет на амбиентниот воздух – Правилник за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (ЕМЕП) – Правилник за количините на горните граници–плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво. – Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на катастарот на загадувачи на воздухот. – Правилник за методите, начините и методологијата за мерење на емисии во воздухот од стационарни извори. – Правилник за формата и содржината на образците за доставување на податоци од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори,начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата,содржината и начинот на водење на дневник на емисии во амбиентниот воздух.
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Методологијата за инвентаризација EMEP/CORINAIR
Единица мерка	– kt/година

Начин на претставување	Индикаторот се прикажува нумерички и табеларно
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика – А2 Енергетски биланс на РМ-Министерство за економија – Министерсво за економија – А3 Катастар за загадувачи и загадувачки супстанци во воздухот – А4 Инсталации кои вршат самомониторинг на емисии во воздух – А5 Базата на податоци за моторни возила на Министерството за внатрешни работи – А6 Инвентар на загадувачките супстанци по методологијата на инвентаризација EMEP/CORINAIR
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Број на население, количина на производи, количина на потрошени суровини, А1 – Количина на гориво, А2 – Вкупни годишни емисии на тешки метали, количина на потрошено гориво и суровини, А3 – Вкупни годишни емисии на тешки метали, А4 – Вид на возило марка, тип на возило, комерцијална ознака/модел, боја на каросерија, земја на производство, година производство, датум на прва регистрација, работна запремина на моторот, сила на мотор, вид на гориво, најголема дозволена маса, сопствена маса на возило, носивост, основна намена, облик или намена на каросерија, број на места, сопственик-општина и километража, А5 – Вкупни годишни емисии на тешки метали по NFR, А6
Обврски за известување	**Меѓународни** – UNECE/CLRTAP (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) – EEA (до 15.02 тековна година (n) со податоци за (n–2) година) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на порталот за квалитет на воздух www.airquality.moepp.gov.mk, на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците за количините и концентрациите на загадувачките супстанци битни за овој индикатор се доставуваат во пропишан формат во пишана или електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Инсталациите задолжени да вршат самомониторинг на емисиите, податоците ги доставуваат согласно фреквенцијата на мерења дадена во ИСКЗ дозволата

ПАРАМЕТРИ ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Тематска целина	2 ПРИРОДА И БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ
Име на индикаторот	БР 1 – Загрозени и заштитени видови
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 007 – Загрозени и заштитени видови
Дефиниција	Индикаторот покажува колку видови присутни во Република Македонија, а се оценети како глобално загрозени и/или заштитени со европските инструменти, (како што се директивите на ЕУ и Бернска конвенција) се заштитени на национално ниво. Индикаторот во моментов ја претставува состојбата со број на ендемични и загрозени видови на национално ниво, определени во согласност со меѓународните документи и националното законодавство: – Број на ендемични и загрозени диви растителни видови – Број на ендемични и загрозени диви видови лишаи и габи – Број на ендемични и загрозени диви видови животни – Број на строгозаштитени диви видови растенија – Број на строгозаштитени диви видови лишаи и габи – Број на строгозаштитени диви видови животни – Број на заштитени диви видови растенија – Број на заштитени диви видови лишаи и габи – Број на заштитени диви видови животни
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** ЕУ директиви и регулативи за за заштита на биодиверзитетот – Директива за заштита на диви птици бр.147/09 – Директива за заштита на природни хабитати и дива фауна и флора бр. 43/92 – Регулатива за заштита на загрозени диви видови фауна и флора вклучени во тргавија со диви видови (бр. 338/97, 938/97, 1332/05) Меѓународни конвенции и договори за заштита на биодиверзитетот: – Конвенција за биолошка разновидност (Рио де Жанеиро 1992) – Конвенција за заштита на водни живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици Рамсар 1971) – Конвенција за заштита на диви миграторни животни (Бон 1979) – Конвенција за заштита на дивиот свет и природни живеалишта во Европа (Берн 1979) – Конвенција за меѓународна трговија со диви видови флора и фауна (Вашингтон 1973), – Договор за заштита на популации на лилјаците (Лондон 1990), – Договор за заштита на африканско–евроазиските миграторни видови водни птици (Хаг 1995). **Прописи на РМ:** – Закон за заштита на природата – Закон за животната средина – Закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност – Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на диви миграторни животни – Закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови од дивата фауна и флора – Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта – Уредба за ратификација на Конвенција за заштита на

	водни живеалишта со меѓународно значење за дивите птици – Закон за ратификација на Договорот за заштита на европски популации на лилјаците – Закон за ратификација на Договорот за заштита на афричко–евроазиски миграторни водни птици – Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз – Листи за утврдување на строгозаштитени и заштитени диви видови во РМ
Класификација по ДПСИР	**С/И (Состојба/Импликации)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	– Среднорочно достапен - (С)
Методологија на пресметување	Треба да се спроведуваат следниве активности со цел целосно развивање на индикаторот – Изградба на капацитети за следење на индикаторот – Да се избере индикатор "видови на птици" (др. видови и групи) – Воспоставување на мониторинг шема за избраните видови – Редовно финансирање за следење на индикаторот – Подготовка на програма за мониторинг на биодиверзитетот – Градење на капацитетит за мониторинг на биодиверзитетот – Да се обебедат финансиски средстав за спроведување на индикаторот
Единица мерка	– Број на видови
Начин на претставување	нумерички, табеларно, графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Студија за состојбата со биолошката разновиндост во Република Македонија (МЖСПП 2003) – А2 Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност во РМ (МЖСПП 2004), во тек е изработка на нова Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност во РМ – А3 Анализа и валоризација на видовиот диверзитет во Република Македонија (Извештај, МЖСПП 2010) **Б** – Б1 Светска црвена листа на загрозеди диви видови флора и фауна (IUCN) – Б2 Европска Црвена листа на загрозени диви видови фауна и флора (EU, IUCN) – Б3 Листи за утврдување на строгозаштитени и заштитени диви видови во Република Македонија (МЖСПП 2011)
Честота на собирање на податоците	**5–годишно**
Сет на податоци	– Број на ендемични и загрозени диви видови растенија, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на ендемични и загрозени диви видови габи, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на ендемични и загрозени диви видови животни, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на строгозаштитени диви видови растенија, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на строгозаштитени диви видови лишаи и габи, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на строгозаштитени диви видови животни, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на заштитени диви видови растенија, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на заштитени диви видови лишаи и габи, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3 – Број на заштитени диви видови животни, А1,А2,А3,Б1,Б2,Б3
Обврски за известување	**Меѓународни конвенции и договори** – Секретаријат на CBD при UNEP – Секретаријат на CMS при UNEP – Секретаријат на AEWA при UNEP – Секретаријат на EUROBATS при UNEP – Секретаријат на RCW при UNESCO – Секретаријат на CITES при UNEP

	– Секретаријат ВС при Совет на Европа **Национални** – Извештајза квалитет на животната средина – годишно – Извештај за заштита на природа и биодиверзитет– годишно – Извештај за имплементација на САП за биодиверзитет– годишно – Синтезен извештај за имплементација на САП– биодиверзитет (за 5 години) – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Во електронска и во хартиена форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	2 ПРИРОДА И БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ
Име на индикаторот	БР 2 – Заштитени подрачја
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 008 – Заштитени подрачја
Дефиниција	Индикаторот го прикажува процентот на вкупната прогласена област во една земја, која е заштитена врз основа на национални инструменти, во согласност со директивите на ЕУ за птици и живеалишта (Натура 2000 подрачја), односно во согласност со Бернската конвенција (Емералд подрачја), и други меѓународни договори. Индикаторот, исто така, е разложен така што ги прикажува различните трендови во бројот и површината во км^2 прогласени според националното законодавство и според меѓународни договори и иницијативи.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** ЕУ директиви и регулативи за за заштита на биодиверзитетот – Директива за заштита на диви птици бр.147/09 – Директива за заштита на природни хабитати и дива фауна и флора бр.43/92 Меѓународни конвенции и договори за заштита на биодиверзитетот: – Конвенција за биолошка разновидност (Рио 1992) – Конвенција за заштита на водни живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици Рамсар 1971) – Конвенција за заштита на дивиот свет и природни живеалишта во Европа (Берн 1979) **Прописи на РМ:** – Закон за заштита на природата – Закон за животната средина – Закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност – Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природни живеалишта во Европа – Уредба за ратификација на Конвенција за заштита на водни живеалишта
Класификација по ДПСИР	С/И (Состојба/Импликации)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Постапката за идентификација и прогласување на различните категории на заштитени подрачја е заснована на Законот за заштита на природата, директивите на ЕУ и одредбите од меѓународните договори
Единица мерка	– Број на подрачја, ha и %.
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 CDDA – А2 Емералд база наподатоци
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Вкупна (кумулативна) површина на прогласени подрачја заштитени според националните инструменти, според директивите на ЕУ за птици или за живеалишта и според меѓународните договори, во текот на времето , А1 – Број и површина на заштитени подрачја во согласност со националната категоризација, А1 – Процентуална застапеност на поединечни национални категории, заштитени

	подрачја од вкупната заштитена површина, А1 – Промени, во текот на времето, во кумулативната површина на Емералд подрачјата (прогласени според Бернската конвенција)., А1 – Меѓународни инструменти – Број на заштитени подрачја, А1 – Површина на заштитени подрачја, А1 – Процент од територијата на РМ, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – ЕЕА – CDDA – годишно – Секретаријат на Бернска конвенција при Совет на Европа – годишно **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Во електронска и во хартиена форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	2 ПРИРОДА И БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ
Име на индикаторот	БР 3 – Разновидност на видови
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 009 – Разновидност на видови
Дефиниција	Индикаторот ќе го покажува трендот на бројноста и дистрибуцијата на одбрани видови или групи на видови на национално ниво, како релативна оценка во однос на иницијалната година на отпочнување на мониторингот Во моментов, групи на видови што се земаат предвид се птиците. Индикаторот ќе го прикажува трендот на обичните видови птици (во развој) и трендот на некои избрани видови грабливи птици. – Број на строгозаштитени диви видови грабливи птици – Број на строгозаштитени диви видови водни птици – Број на строгозаштитени диви видови птици пеачки – Број на заштитени диви видови грабливи птици – Број на заштитени диви видови водни птици – Број на заштитени диви видови птици пеачки
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** ЕУ директиви и регулативи за за заштита на биодиверзитетот – Директива за заштита на диви птици бр.147/09 – Директива за заштита на природни хабитати и дива фауна и флора бр.43/92 – Регулатива за заштита на загрозени диви видови фауна и флора вклучени во трговијата со диви видови (бр.338/97, 938/97, 1332/05) Меѓународни конвенции и договори за заштита на биодиверзитетот: – Конвенција за биолошка разновидност (Рио 1992) – Конвенција за заштита на водни живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар 1971) – Конвенција за заштита на миграторни животни (Бон 1979) – Конвенција за заштита на европскиот див свет и природните живеалишта (Берн 1979) – Конвенција за меѓународна трговија со диви видови флора и фауна (Вашингтон 1973) – Договор за заштита на европските популации на лилјаците (Лондон 1990) – Договор за заштита на африканско–евроазиските миграторни видови водни птици (Хаг 1995) **Прописи на РМ:** – Закон за заштита на природата – Закон за животната средина – Закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност – Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на диви миграторни животни – Закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови од дивата фауна и флора – Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа – Уредба за ратификација на Конвенција за заштита на водни живеалишта со меѓународно значење за дивите птици – Закон за ратификација на Договорот за заштита на европски популации на лилјаците – Закон за ратификација на Договорот за заштита на афричко–евроазиски миграторни видови водни птици

	– Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз – Листи за утврдување на строгозаштитени и заштитени диви видови во РМ
Класификација по ДПСИР	**С (Состојба)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	Среднорочно достапен - (С)
Методологија на пресметување	МЖСПП потребно е да изработи правилник за методологија за мониторинг на биодиверзитет По случаен избор се избрани пробни квадранти (10–15) со површина од 1 км^2 на кои е извршено пребројување на обичните видови птици, според методата на линиски трансект. Пребројувањето се вршеше во период на гнездење (од 15 април до 15 јуни), со интензитет од две пребројувања годишно. Податоците се статистички обработени со што е утврден трендот на популации на видови на национално ниво. Треба да се спроведат активности за целосно развивање на индикаторот – Зајакнување на капацитети за следење на индикаторот – Да се избере индикатор "видови на птици" – Други диви видови и групи – Воспоставување на мониторинг шема за избраните видови – Редовно финансирање за следење на индикаторот – Подготовка на програма за мониторинг на видов диверзитет Јакнење на капацитети за мониторинг на видов диверзитет. - Да се обебедат финансиски средстав за спроведување на индикаторот
Единица мерка	– Број на видови, проценет број на единки
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** А1 Научни трудови од домашни и странски научници **Б** Б1 МЖСПП - Треба да се изработи методологија за мониторинг на биодиверзитет
Честота на собирање податоци	**периодично, годишно**
Сет на податоци	– Број на строгозаштитени диви видови грабливи птици, А1 – Број на строгозаштитени диви видови водни птици, А1 – Број на строгозаштитени диви видови птици пеачки, А1 – Број на заштитени диви видови грабливи птици, А1 – Број на заштитени диви видови водни птици, А1 – Број на заштитени диви видови птици пеачки, А1 – Број на строгозаштитени диви видови цицачи, А1 – Број на строгозаштитени диви видови влекачи, А1 – Број на строгозаштитени диви видови водоземци, А1 – Број на строгозаштитени диви видови риби, А1 – Број на строгозаштитени диви безрбетни животни, А1 – Број на строгозаштитени диви видови растенија, А1 – Број на строгозаштитени лишаи и самоникни габи, А1 – Број на заштитени диви видови грабливи птици, А1 – Број на заштитени диви видови водни птици, А1 – Број на заштитени диви видови птици пеачки, А1 – Број на заштитени диви видови цицачи, А1 – Број на заштитени диви видови влекачи, А1 – Број на заштитени диви видови водоземци, А1 – Број на заштитени диви видови риби, А1 – Број на заштитени диви безрбетни животни, А1 – Број на заштитени диви видови растенија, А1 – Број на заштитени лишаи и самоникни габи , А1
Обврски за известување	**Меѓународни/ национални** – Годишен извештај за квалитет на животна средина – годишно

	– Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година – Национален извештај за заштита на биодиверзитетот на РМ– секоја четврта година – Национален извештај за заштита на диви миграторни животни– секоја трета година – Национален извештај за заштита на водни станишта и миграторни водни птици– секоја трета година – Национален извештај за заштита популации на лилјаци– секоја трета година – Национален извештај за заштита диви видови и природни хабитати– биенално, квартално – Состојба со заштита на природата и биодиверзитетот на РМ– секоја година, биенално и квартално – Синтезен извештај за имплементација на САП за био–диверзитетот на РМ, секоја петта година.
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	

Тематска целина	2 ПРИРОДА И БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ
Име на индикаторот	БР 4 – Шуми и шумско земјиште
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Параметарот ја покажува вкупната површина под шума и другите површини под шуми, односот на оваа површина во вкупната површина на земјата, како и учеството на шумските предели кои се природно обновени и пошумена површина, површина под шуми наменета за производство, како и шуми наменети за заштита на почвата, водата, екосистемот и биодиверзитетот. Под поимот шума се подразбира шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шума во заштитените подрачја. Шумско земјиште е земјиште на кое има шума или кое поради своите природни својства е најповолно за одгледување на шума, како и земјиште на кое се наоѓаат објекти наменети за стопанисување со шумите. Стопански шуми првенствено се користат за трајно производство на дрвни сортименти и други шумски производи и услуги. Шуми во заштитените подрачја се прогласуваат согласно со Законот за заштита на природата.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за заштита на природата – Закон за шумите – Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Параметрите се добиваат од извештајните единици кои ги доставуваат со редовните статистички извештаи, со книговодствена евиденција, а се врз основа на посебните планови за стопанисување на шумите
Единица мерка	– km^2, ha и %
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Вкупна површина под шума и шумско земјиште, А1 – Вкупна површина под шума, А1 – Вкупна површина на шуми по намена и сопственост, А1 – Вкупна пошумена површина, А1 – Стопански шуми, А1 – Повеќенаменски шуми, А1 – Вкупна површина на шуми во заштитените подрачја, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – UNECE/FAO – FOREST EUROPE Report on "State of Forests and Sustainable Forest Management in Europe" – FAO Global Forest Resources Assessments (FRA)

	Национални – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Статистички преглед Шумарство на РМ - годишно – Публикација Статистика на животна средина - годишно – Макстат база, Региони на РМ, Македонија во бројки - годишно
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Во електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	**крајот на мај - тековна година**

ПАРАМЕТРИ ЗА ПОЧВА

Тематска целина	4 ПОЧВА
Име на индикаторот	П1 – Зафаќање на земјиште
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 014 – Зафаќање на земјиште
Дефиниција	Промени и тековна состојба во површините на земјоделско, шумско и друго полуприродно земјиште зафатено со урбанистичка и со друга вештачка изградба на земјиштето. Овде се вклучени површини покриени со градби и комунална инфраструктура, како и градски зелени површини и објекти за спорт и рекреација. Главните движечки фактори на зафаќањето на земјиштето се групирани во процеси што резултираат во ширење на: – домување, услуги и рекреација – индустриски и комерцијални зони – транспортни мрежи и инфраструктури – рудници, површински копови и депонии за отпад
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за просторно и урбанистичко планирање
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Оценката на CORINE LandCover во 2000 и 2006 година ги користеше податоците од сателитските снимки. Поради карактеристиките на земјината покривка во Република Македонија, од вкупните можни 44 класификации, идентификувани се 31. Покрај тоа, од истите причини, минималната просторна единица што се третираше во рамките на проектот беше намалена на 20 хектари, наместо на 25 хектари. Основа на процесот е фотоинтерпретација на сателитски снимки кој се состои од: – Обележување на границите на површини што претставуваат единствени единици на земјината површина на снимка со „лажни" бои; – Користење на клучеви за интерпретација, помошна документација и сателитски/авионски снимки за означување на идентификациски број – класа од номенклатурата; – Екстраполација на ова вцртување и идентификација на сите делови на снимката кои изразуваат слични карактеристики: боја, структура и состав. Техничко упатство за изработка на CORINE LandCover изработено од страна на Европската агенција за животна средина.
Единица мерка	– ha или km^2
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 CORINE Land Cover
Честота на собирање на податоците	десет години
Сет на податоци	Согласно 44 можни класификации според Номенклатурата CORINE LandCover Резултатите се презентираат како: – тековна состојба на земјината покривка во согласност со номенклатурата усвоена на европско ниво, на петгодишни интервали, А1 – промени на земјината покривка, во петгодишни интервали, изразени во % од вкупната површина на земјата и % од различните видови на земјина покривка, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – ЕЕА **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година

Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	**4 ПОЧВА**
Име на индикаторот	**П 2 – Напредок во управувањето со контаминирани локалитети**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 015 – Напредок во управувањето со контаминирани локалитети**
Дефиниција	Индикаторот го претставува напредокот во управувањето со контаминираните локалитети со цел да се прикаже намалувањето и елиминирањето на негативните ефекти врз екосистемите и здравјето на луѓето, онаму каде што е докажано дека е нарушена животната средина. Терминот контаминиран локалитет се однесува на одредена површина каде што е потврдено присуството на контаминацијата на почвата и сериозноста на можните влијанија на екосистемите и здравјето на луѓето е таква што е неопходна санација на истиот. Санацијата или чистењето на контаминиринатиот локалитет може да резултира во целосна елиминација или во намалување на овие влијанија. Терминот потенцијално контаминирани локалитети вклучува локалитет каде што контаминацијата на почвата се претпоставува, но не е потврдена и треба да се спроведат дополнителни истражувања
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Европски регистар за испуштање и пренос на загадувачки супстанции (E–PRTR) 166/2006/EEC – Директива за интегрално спречување и контрола на загадувањето96/61/EEC, 2008/1/EEC – Тематска стратегија за почвата (COM (2006)231) – Предлог на Рамковна Директива за почва (COM (2006)232) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за земјоделско земјиште – Втор Национален Еколошки Акционен План 2006 **Забелешка** На национално ниво сеуште не е усвоена легислатива за почва
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В** **Забелешка** **Д –** Потребно е да се изврши стандардизирање на методата согласно Европската регулатива
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиени од Националниот план за управување со отпад и студиите за изводливост 2005, односно од Специјалните студии за Индустриски контаминирани локалитети–жешки точки идентификувани и евалуирани во Македонија и Затварање и повторно искористување на земјиштето кај несоодветно изградените општински депонии. Понатаму од CARDS 2006 проектот за развивање на ремедијациони планови со финансиски барања за елиминација на индустриските жешки точки, како и од Проценката за изводливост и развој на главен технички дизајн за мерките за заштита на водите во рудникот Бучим UNDP Македонија. Податоци и информации се добиваат и од Стратегијата за управување со отпад на Македонија (2008–2014), како и од Планот за управување со отпад на Македонија 2009, како и други проектни извештаи и стратешки документи. Податоци се добиваат и од правните и физичките лица кои управуваат со локалитетите во однос на мерките и активностите кои ги преземаат, како и финансиските средства кои ги употребуваат за да се избегне, намали или елиминира контаминацијата на почвата 1. Индикаторот го прикажува напредокот во пет основни чекори: - Идентификација на локалитетот/прелиминарна студија - Прелиминарно истражување - Главно истражување на локалитетот - Спроведување на санациони мерки - Комплетирање на мерките 2. Индикаторот го прикажува и процентот на економските активности кои

	придонесуваат за контаминација на почвата во однос на вкупниот број на контаминирани локалитети 3. Индикаторот го прикажува и процентниот удел на загадувачките супстанции присутни во вкупниот број на контаминирани локалитети 4. Индикаторот ги прикажува и финансиите потрошени за извршување на петте основни чекори наведени во точка 1. за вкупниот број на контаминирани локалитети
Единица мерка	– Нумерички, процентуален удел %
Начин на претставување	Индикаторот се претставува : – нумерички, табеларно, графички како напредок во управувањето со контаминирани локалитети во однос на напредокот во петте чекори – процентуален удел (%) на економските активности кои придонесуваат за контаминација на почвата во однос на вкупниот број на контаминирани локалитети – процентуален удел (%)на загадувачките супстанции присутни во вкупниот број на контаминирани локалитети – МКД по глава на жител и како процентен удел (%) од БДП/година
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Стратегии, планови за управување со отпад, А1 – Извештаи од проектни активности поврзани со управувањето со отпад, А1 – Податоци од правните и физичките лица кои управуваат со контаминираните локалитети, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – JRS (Заедничкиот истражувачки центар) – EEA (Европската агенција за животна средина)/EIONET **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во Националните индикаторски извештаи за животната средина и Статистики во животната средина Извештаите се достапни во тврда копија како и во електронска форма на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk Податоците се објавени и од страна на Европската агенција за животна средина како публикација за индикаторот Прогрес во управувањето со контаминираните локалитети во Европа во електронска форма на веб страната на Европската агенција за животна средина www.eea.europa.eu
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во електронска форма и во тврда копија до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	4 ПОЧВА
Име на индикаторот	П 3 – Шумски пожари
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 038 – Шумски пожари
Дефиниција	Индикаторот дава информации за бројот на шумските пожари на територијата на Република Македонија. Потоа дава информации за големината на шумските пожари прикажувајќи ја опожарената површина и видот на опожарената дрвна маса како и предизвиканата вкупна штета од пожарот
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за шумите – Правилник за посебни мерки за заштита на шумите од пожари – Закон за заштита на природата – Закон за заштита од пожари.
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Податоците и пресметката на индикаторот е направено од страна на Јавното претпријатие за управување со шумите во Република Македонија – Македонски шуми
Единица мерка	– Опожарена површина изразена во ha – Опожарена дрвна маса изразена во m^3 – Вкупна штета од шумските пожари изразена во денари – Број на шумски пожари
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Јавно претпријатие за управување со шумите–Македонски шуми
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Опожарена површина, А1 – Опожарена дрвна маса, А1 – Вкупна штета од шумските пожари, А1 – Број на шумски пожари, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	4 ПОЧВА
Име на индикаторот	П 4 – Ерозија на почвата
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува ерозијата на почвата кој е природен процес и кој геолошки погледнато е значаен за формирање на почвата. Во однос на ерозијата на почвата особено внимание се посветува на забрзаната ерозија каде природната брзина на ерозијата е зголемена како резултат на антропогениот фактор, како примена на несоодветни земјоделски практики, намалување на шумите, шумски пожари, градежни активности итн. Физичките фактори како климата, топографијата и карактеристиките на почвата се исто така значајни во процесот на ерозија. Ерозијата на почвата под дејство на водата е најзастапен и најголем проблем во Европа и во нашата земја. Индикаторот ги прикажува вредностите за ерозија на почвата, врз база на кои може да се одредат регионите зафатени со одреден степен на ерозија и да се развијат мерки за контролирање на проблемот
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Тематска стратегија за почвата (COM (2006)231) – Предлог на Рамковна Директива за почва (COM (2006)232) – Кон Тематската Стратегија за заштита на почвите (CEC, 2002) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина. – Закон за земјоделско земјиште – Втор Национален Еколошки Акционен План 2006 **Забелешка** На национално ниво сеуште не е усвоена легислатива за почва
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	За проценка на ризикот за ерозија на почвата може да се применат различни методи кои воглавно се делат на проценки базирани на експертиза и проценки базирани на модели. 1. Пример на проценка базирана на експертиза е Глобалната проценка на деградација на почвата (Global Assessment of Soil degradation–GLASOD). Оваа методологија е базирана на добивање на одговори од одредни експерти во сите земји и нејзин главен недостаток е контролата врз објективноста на дадените одговори и примената на разни стандарди од страна на различни експерти во различни региони. Со оваа метода се идентификуваат субјективно региони со слична јачина на ерозијата на почвата, не земајќи ги во обзир условите кои доведуваат до тоа 2. Пример за проценка базирана на модел е Пан–Европскиот модел за проценка на ризикот за ерозија (PESERA). Овој модел е мошне соодветен за предвидување на степенот на ерозија на почвата, кој ги зема во предвид врнежите и еродираните седименти, дневните врнежи акумулирани во текот на месецот, месечната вегетациска покривка, одредени климатски информации итн. Хомогени и разбирливи податоци за степенот на ерозија на почвите, вклучително и почвите во нашата земја се оние кои се добиваат со процесот на пресметка и моделирање, при што се користат: - педолошки карти - картата на покривка на земјината површина (Corine Land Cover 2000) - топографски карти - климатски карти со податоци за температурата Со препорака на Европската Комисија ерозијата на почвата може да се одреди преку соодветни препорачани методи на моделирање и врз база на методи кои користат експертска проценка

Единица мерка	– Нумерички, описно, процентуално во однос на останата површина која е земена во предвид (%)
Начин на претставување	Индикаторот се претставува : – нумерички, табеларно, картографски, описно и процентуално во однос на останата површина која е земена во предвид (%)
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Управа за хидрометеролошки работи – А3 Земјоделски институт – А4 Агенција за катастар на недвижности
Честота на собирање на податоците	**десет години**
Сет на податоци	– Картата на покривка на земјината површина, А1 – Климатски карти, А2 – Педолошки карта, А3 – Топографски карти, А4
Обврски за известување	***Меѓународни*** – JRS (Заедничкиот истражувачки центар)/EEA (Европската агенција за животна средина)/EIONET на доброволна основа, известува МИЦЖС/Министерството за животна средина и просторно планирање. ***Национални*** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците за покривката на земјината површина (Corine Land Cover 2000) се достапни во Министерството за животна средина и просторно планирање. Податоците за климатските услови се достапни во Управата за хидрометеролошки работи
Начин на доставување на податоците	
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	4 ПОЧВА
Име на индикаторот	П 5 – Содржината на органски јаглерод во проценти (%) во површинскиот слој на почвата од (0–30) см
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува содржината на органскиот јаглерод во проценти (%) во површинскиот слој на почвата (0–30) см, кој е јасен параметар на состојбата и квалитетот на почвата. Органските материи во почвата се создаваат од остатоците на растителните и животинските продукти под дејство на микроорганизмите и под влијание на температурата, влажноста и други фактори на почвата. Годишниот губиток на органски материи може да варира значајно во зависност од култивацијата, видот на одгледуваните растителни култури, дренажниот капацитет на почвата, како и временските услови. Факторите кои влијаат врз органските материи во почвата може да се поделат во две групи и тоа природни фактори (клима, градба на почвата, земјина покривка/ вегетација и топографија), како и антропогени фактори (употребата и управувањето на земјиштето и деградацијата). Индикаторот ги прикажува регионите со можни опасности во однос на одржливо управување со почвата и дава соодветни информации за донесување на одлуки врз основа на проценките, надзорот и насоките за употреба и заштита на почвата
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Тематска стратегија за почвата (COM (2006)231) – Предлог на Рамковна Директива за почва (COM (2006)232) – Кон Тематската Стратегија за заштита на почвите (CEC, 2002) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за земјоделско земјиште – Втор Национален Еколошки Акционен План 2006 **Забелешка** На национално ниво сеуште не е усвоена легислатива за почва
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Хомогени и разбирливи податоци за содржината на органскиот јаглерод во европските почви, вклучително и почвите во нашата земја се оние кои се добиваат со процесот на пресметка и моделирање, при што се користат: - педолошка карта (од Европската почвена база на податоци во (Europion Soil Data set), размер 1: 1.000.000 каде е користена стандардната интернационална класификација на почвите (FAO) - картата на покривка на земјината површина (Corine Land Cover) - топографски карти (Digital elevation model) - климатски карти со средно годишни податоци за температурата. Со препорака на Европската Комисија содржината на органскиот јаглерод во површинскиот слој на почвата може да се определи преку одредени педо–трансфер функции на почвата, како и одредени препорачани методи
Единица мерка	– Нумерички, процентуален удел %
Начин на претставување	Индикаторот се претставува: – нумерички, табеларно, графички, картографски и описно како количина на органски јаглерод и во проценти (%)
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Управа за хидрометеролошки работи – А3 Земјоделски институт – А4 Агенција за катастар на недвижности
Честота на собирање на податоците	пет години

Сет на податоци	– Картата на покривка на земјината површина, А1 – Климатски карти, А2 – Педолошки карта, А3 – Топографски карти, А4
Обврски за известување	**Меѓународни** – JRS (Заедничкиот истражувачки центар) – EEA (Европската агенција за животна средина)/EIONET **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците за покривката на земјината површина (Corine Land Cover 2000)се достапни во Министерството за животна средина и просторно планирање. Податоците за климатските услови се достапни во Управата за хидрометеролошки работи
Начин на доставување на податоците	
Краен рок за доставување на податоците	

ПАРАМЕТРИ ЗА ОТПАД

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	О 1 – Вкупна количина на создаден отпад
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува вкупната количината на создаден отпад, по видови и дејности во кои се создава. Со овој индикатор се следи остварувањето на стратешките цели и тоа избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создаден отпад, спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за ратификација на Базелската Конвенција за прекугранично пренесување на опасен отпад и негово отстранување и амандманите на Базелската Конвенција – Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на отпад – Закон за ратификација на Протоколот за регистри на загадувачки и пренос на загадувачки супстанции – Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи. – Закон за животната средина – Закон за управување со отпадот – Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад – Правилник за содржината и начинот на водење, чување и одржување на евиденцијата во регистарот на отпад – Листа на видови на отпад – Национална класификација на дејности – Законот за државната статистика – Програмата за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В К – воспоставување контрола на квалитетот на податоците
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од Годишните извештаи за постапување со отпад од правните и физичките лица кои создаваат опасен отпад, како и од Годишните извештаи за постапување со отпад од градоначалник, согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад. Видот на отпадот се одредува според Листата на видови на отпад, додека за потребите и обврските на Базелската конвенција се користи класификацијата според Базелската Конвенција. Дејностите се одредуваат според Националната класификација на дејности НКД Рев. 2. Податоци се добиваат и од Државниот завод за статистика врз база на статистичките истражувања кои се спроведуваат чии податоци се публикуваат во Соопштенија и Статистистичкиот годишник на Државниот завод за статистика во делот за животна средина. Видот на отпадот се одредува според Листат на видови на отпад, додека дејноста се определува според Националната класификација на дејности НКД Рев. 2.
Единица мерка	– Килограм/Тони, по глава на жител, годишно, процент
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски како вкупна количина на создаден отпад во годината на национално и

	општинско ниво по дејности каде е создаден – Вкупно (kg/t/год.) – Вкупно по националната класификација на дејности (kg/t/год.) – По глава на жител (kg/t /жител/год.)
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Општини – А3 Правни и физички лица – А4 Државниот завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Податоци од обрасците на Годишните извештаи за постапување со отпад од правни и физички лица, А1 – Податоци од годишните извештаи за постапување со отпад од градоначалник, А1 – Податоци за вид и количина на отпад, А2, А3 – Податоци од обрасците на Државен завод за статистика за истражување за отпад по сите сектори на економска активност, А4 – Податоци од статистистички методи за процена на населението од Државен завод за статистика за населението, А4 – Податоци од обрасците –годишен извештај за комунален отпад Државен завод за статистика, А4
Обврски за известување	**Меѓународни** – EUROSTAT – UN (Заеднички прашалник на OECD) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Регионите во Република Македонија – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и Државниот завод за статистика, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот завод за статистика
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи за постапување со отпад градоначалниците како и од правните и физичките лица се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 Март тековната година со податоци за претходната година. Пополнетите обрасци за истражување за отпад од индустријата и комуналниот отпад, се објавуваат од Државен завод за статистика најдоцна до 30 Јуни тековната година со податоци за пред две години, односно за комунален отпад со податоци од претходната година.

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	**О 2 – Создавање на комунален отпад**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 016 – Создавање на комунален отпад**
Дефиниција	Индикаторот го претставува создавањето на комунален отпад, изразено во kg на човек. Комуналниот отпад е неопасен отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата и комерцијалниот отпад, а се собира од страна на општините или во нивно име
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за управување со отпадот – Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад – Листа на видови на отпад – Национална класификација на дејности – Законот за државната статистика – Програмата за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В** **К** – воспоставување контрола на квалитетот на податоците
Методологија на пресметување	– Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од Годишните извештаи за постапување со отпад од градоначалник согласно погоренаведениот правилник. Видот на отпадот се одредува според Листат на видови на отпад – Податоци се добиваат и од Државниот завод за статистика врз база на статистичките истражувања кои се спроведуваат секоја година и чии податоци се публикуваат во Соопштенија и Статистистичкиот годишник на Државниот завод за статистика во делот за животна средина. Видот на отпадот се одредува според Листат на видови на отпад, додека дејноста се определува според Националната класификација на дејности НКД Рев. 2
Единица мерка	– Килограм/Тони, по глава на жител, годишно, процент
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски како вкупна количина на создаден комунален отпад во годината на национално и општинско ниво: • Вкупно (kg/t), • По глава на жител (kg/t/жител/год.),
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Општини – А3 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Податоци од обрасците на Годишните извештаи за постапување со отпад од градоначалник, А1 – Податоци за вид и количина на отпад, А2 – Податоци од обрасците – годишен извештај за комунален отпад Државен завод за статистика, А3 – Податоци од статистистички методи за процена на населението од Државен завод за статистика за населението, А3
Обврски за известување	**Меѓународни** – EUROSTAT – UN (Заеднички прашалник на OECD) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно

	– Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Регионите во Република Македонија – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и Државниот завод за статистика, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот завод за статистика
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи за постапување со отпад од градоначалник се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 Март тековната година со податоци за претходната година. Пополнетите обрасци за годишните извештаи за управување со комуналниот отпад се доставуваат до Државен завод за статистика најдоцна до 20 Април тековната година со податоци за претходната година

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	О 3 – Количина на создаден опасен отпад
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува количината на создаден опасен отпад, по видови и дејности во кои се создава. Со овој индикатор се следи остварувањето на стратешките целите и тоа избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создаден опасен отпад, спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за ратификација на Базелската Конвенција за прекугранично пренесување на опасен отпад и негово отстранување и амандманите на Базелската Конвенција – Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на отпад – Закон за ратификација на Протоколот за регистри на загадувачки и пренос на загадувачки супстанции. – Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи. – Закон за животната средина – Закон за управување со отпадот – Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад . – Правилник за содржината и начинот на водење, чување и одржување на евиденцијата во регистарот на отпад – Листат на видови на отпад – Националната класификација на дејности – Законот за државната статистика – Програмата за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В К – воспоставување контрола на квалитетот на податоците
Методологија на пресметување	– Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од Годишните извештаи за постапување со отпад одправните и физичките лица кои создаваат опасен отпад согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад . Видот на отпадот се одредува според Листата на видови на отпад, додека за потребите и обврските на Базелската конвенција се користи класификацијата според Базелската Конвенција. Дејностите се одредуваат според Националната класификација на дејностиНКД Рев. 2 – Податоци се добиваат и од Државниот завод за статистика врз база на статистичките истражувања кои се спроведуваат на две години и чии податоци се публикуваат во Соопштенија и Статистистичкиот годишник на Државниот завод за статистика во делот за животна средина. Видот на отпадот се одредува според Листата на видови на отпад, додека дејноста се определува според Националната класификација на дејности НКД Рев. 2.
Единица мерка	– Килограм/Тони,по глава на жител, годишно, процент
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски како вкупна количина на создаден опасен отпад во годината на национално и општинско ниво по видови и дејности каде е создаден

	– Вкупно (kg/t/год.) – Вкупно по одрден вид според шифрата на видот на отпадот и Базелската номенклатура(kg/t/год.) – Вкупно по националната класификација на дејности (kg/t/год.) – По глава на жител (kg/t/жител/год.)
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Правни и физички лица – А3 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Податоци од обрасците на Годишните извештаи за постапување со отпад од правни и физички лица, А1 – Податоци за видот и количината на опасниот отпад, А2 – Податоци од обрасците на Државен завод за статистика за истражување за отпад од сите сектори на економска активност, А3 – Податоци од статистистички методи за процена на населението од Државен завод за статистика за населението, А3
Обврски за известување	**Меѓународни** EUROSTAT UN (Заеднички прашалник на OECD) **Национални** Годишен извештај за квалитет на животната средина– годишно Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година Статистики во животната средина – секоја втора година Статистички годишник – на две години Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и Државниот завод за статистика, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот завод за статистика
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи за постапување со отпад одправните и физичките лица се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 јануари тековната година со податоци за претходната година Пополнетите обрасци за истражување за отпад од индустријата, се објавуваат од Државен завод за статистика најдоцна до 30 јуни тековната година со податоци за пред две години

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	О 4 – Создавање на отпад од искористени возила
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го претставува создавањето на отпад од искористени возила, изразено нумерички (број на возила) како и масен удел во kg. Индикаторот го прикажува спречувањето на создавање на отпад од искористени возила со можност за нивна повторна употреба, рециклирање и други преработки на искористените возила и нивните компоненти и материјали за да се намали отстранувањето на отпадот и да се зголеми заштитувањето и унапредувањето на животната средина од страна на сите економски оператори кои се вклучени во животниот циклус на возилата, а посебно оние кои се непосредно вклучени во постапување со искористени возила
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за управување со отпад – Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденција – Листата на видови на отпад
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В К – воспоставување контрола на квалитетот на податоците
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од деловните субјекти кои увезуваат/создаваат и постапуваат со искористени возила и нивни компоненти, врз основа на Извештаите за бројот на произведени/увезени возила, како и Извештаите за постапување со искористени возила, од погоренаведениот правилник. Видот на отпадот се одредува според Листата на видови на отпад
Единица мерка	– Килограм/Тони, по глава на жител, годишно
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички како вкупна количина на создаден отпад во годината на национално ниво: • Вкупно (kg/t) • По глава на жител (kg/t /жител/год.)
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Деловни субјекти кои увезуваат/произведуваат и постапуваат со искористени возила и нивни компоненти – А3 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Податоци од обрасците на деловните субјекти кои увезуваат/произведуваат и постапуваат со искористени возила и нивни компоненти (Извештаите за бројот на произведени/увезени возила, како и Извештаите за постапување со искористени возила, од погоренаведениот правилник), А1 – Податоци за број на произведени/увезени и искористени возила и нивни компоненти, А2 – Податоци за број на жители, А3
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно

	– Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 Март тековната година со податоци за претходната година

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	О 5 – Број на изработени планови за управување со отпад
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го претставува бројот на изработени планови за управување со отпад на општините и на градот Скопје, како и на регионите утврдени со Планот за управување со отпад на Република Македонија. Индикаторот ја следи целта за обезбедување на здрава животна средина и го покажува спроведувањето на општите принципи и насоки за управување со отпад, како и основање на интегрирана национална мрежа на инсталации за преработка и за отстранување на отпадот Регионалните планови, како и плановите за управување со отпад на општините и градот Скопје се донесуваат за период не помал од три години, а не подолг од шест години. Во постапката за донесување на плановите се врши стратешка процена на влијанието врз животната средина согласно Законот за животна средина, како и одобрување од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за управување со отпадот – Закон за животната средина
Класификација по ДПСИР	Р (Реакција)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите за донесените и одобрени планови за управување со отпад кои се добиваат од општините, градот Скопје и регионите утврдени со Планот за управување со отпад на Република Македонија, во согласност со Законот за управување со отпад
Единица мерка	– Нумеричка
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува табеларно и графички како вкупен број на донесени и одобрени планови за управување со отпад на регионално ниво и национално ниво: • општини (број/година) • региони (број/година)
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	– А1 Министерство за животна средина и просторно планирање
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Информации за донесени и одобрени планови за управување со отпад на општините/градот Скопје, А1 – Информации за донесени и одобрени планови за управување со отпад на регионите, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	О 6 – Прекугранично движење на опасен отпад
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го прикажува прекуграничното движење на опасниот отпадот кое се состои од увоз на опасен отпад што потекнува од странска држава на територијата на Република Македонија, извоз на опасен отпад од територијата на Република Македонија во друга странска држава и транзит на опасен отпадот преку територијата на Република Македонија. Увоз, извоз и транзит на опасен отпад во Република Македонија се врши според Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и на неговото складирање
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за ратификација на Базелската Конвенција за прекугранично пренесување на опасен отпад и негово отстранување и амандманите на Базелската Конвенција – Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад – Закон за управување со отпад – Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад. – Листат на видови на отпад – Законот за државната статистика – Програмата за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В К – воспоставување контрола на квалитетот на податоците
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од Годишните извештаи за постапување со отпад од правните и физичките лица кои увезуваат, извезуваат и транзитираат опасен отпад, согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад, како и од обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад од Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад. Видот на отпадот се одредува според Листат на видови на отпад, додека за обрасците за прекуграничното пренесување на опасен отпад, видот на отпадот се одредува според одредбите на Базелската Конвенција. Податоци се добиваат и од Државниот завод за статистика врз база на статистичките истражувања кои се спроведуваат чии податоци се публикуваат во Соопштенија и Статистистичкиот годишник на Државниот завод за статистика во делот за животна средина.
Единица мерка	– Килограм/Тони, по глава на жител, годишно, процент
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и картографски како вкупна количина на прекугранично пренесен опасен отпад во годината на национално ниво – Вкупно (kg/t/год.) – По глава на жител (kg/t /жител/год.)
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	– А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Правни и физички лица – А3 Државниот завод за статистика во делот за животна средина
Честота на собирање на податоците	годишно

Сет на податоци	– Податоци од обрасците на Годишните извештаи за постапување со отпад од правни и физички лица, А1,А2 – Податоци од обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад, А1, А2 – Податоци од обрасците на Државен завод за статистика, А3, – Податоци од статистистички методи за процена на населението, А3
Обврски за известување	**Меѓународни** – EUROSTAT – UN (Заеднички прашалник на OECD) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и Државниот завод за статистика, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот завод за статистика
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи за прекугранично движење на опасен отпад од правните и физичките лица се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 март тековната година со податоци за претходната година. Обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад од Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад се доставуваат до 180 дена сметано од денот на приемот на опасниот отпад до Министерството за животна средина и простотрно планирање. Пополнетите обрасци за истражување за пекуграничен промет на опасен отпад, се објавуваат од Државен завод за статистика најдоцна до 30 јуни тековната година со податоци за пред две години

Тематска целина	5ОТПАД
Име на индикаторот	**О 7 – Количина на создадени отпадни батерии и акумулатори**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Со овој индикатор се следи количината на создадениот отпад на батерии и акумулатори по видови, истотака се следи и остварување на целите преку избегнување и намалување на создадениот отпад, постигнување на висок степен на собирање на отпадните батерии и акумулатори, рециклирање и друг вид на преработка на отпадните батерии и акумулатори.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** Директива за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори 2006/66/ЕС, и измените 2008/12/ЕС, 2008/103/ЕС **Прописи на РМ:** – Закон за управување со отпадот – Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори – Правилник за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори и начинот на неговото доставување, како и формата и содржината на образецот за водење евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија – Правилник за начинот на следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори, како и формата и содржината на образецот за следење и пресметка
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В–** Текот на податоците е воспоставен податоците се достапни
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од правлилникот за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори и начинот на неговото доставување, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија
Единица мерка	– Килограм/годишно, процент
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува нумерички, табеларно или графички и тоа: • вкупно за количините и видовите на батерии и акумулатори пуштени на пазар (kg/год)
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	– А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Правни или физички лица
Честотана собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Податоци од образецот на Годишните извештаи за постапување со отпадните батерии и акумулатори, А1 – Податоци од образецот за водење евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар, А1 – Податоци за количините и видовите на батерии и акумулатори пуштени на пазар или увезени, А2 – Податоци за постапување со отпадни батерии и акумулатори,А2
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина– годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година

Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаји за постапување со отпадни батерии и акумулатори и евиденција за количините на батерии и акумулатори пуштени на пазар се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 март тековната година со податоци за претходната година

Тематска целина	5 ОТПАД
Име на индикаторот	**О 8 – Количина на отпад создаден од пакување**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Со овој индикатор се следи количината на создаден отпад од пакување. Целта на овој индикатор е да се спречи создавањето на отпад од пакување, намалување на количината на отпад од пакување, да се постигне високо ниво на повторна употреба на пакувањето, рециклирање и други видови на преработка на отпадот од пакување
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** Директива за пакување и за отпад од пакување 94/62/ЕС и измените 2004/12/ЕС **Прописи на РМ:** – Закон за управување со отпадот – Закон за управување со пакување и отпад од пакување – Листа на илустративни примери на пакување – Правилник за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означувањето на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето – Правилник за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за видот и количината на пакувањата што се пуштиле или увезеле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување кое е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија како и начинот на кој се води евиденцијата – Правилник за начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување – Правилник за условите за пакувања со долг животен век и видовите на пакувања кои служат како параметри дека пакувањето е со долг животен век – Правилник за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означувањето на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В–** текот на податоците е воспоставен
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на Правилникот за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за видот и количината на пакувањата што се пуштиле или увезеле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување кое е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија како и начинот на кој се води евиденцијата Правилник за начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување
Единица мерка	– Тони/годишно, %
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички и тоа како: количина на создаден отпад од пакување односно количина на пакување пуштена на пазар, вкупна количина и по вид на материјал (хартија и картон, стакло, метали, пластика, композитни материјали, дрво и друго)
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	– А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Правни или физички лица
Честота на собирање на податоците	**годишно**

Сет на податоци	– Податоци од образецот на Годишните извештаи за постапување со отпад од пакување, А1 – Податоци од Годишен извештај за пакување пуштено на пазар, А1 – Податоци за видот и количините на Пакувањето пуштено на пазар или увезено, А2 – Податоци за начинот на постапување со отпад од пакување по одделен вид на материјал, А2
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаји за постапување со отпад се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 март тековната година со податоци за претходната година

Тематска целина	**5 ОТПАД**
Име на индикаторот	**О 9 – Количина на создаден медицински отпад**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува количината на создаден медицински отпад, по видови. Со овој индикатор се следи остварувањето на стратешките целите и тоа избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создаден опасен отпад, спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за управување со отпад Правилник за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад – Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапувањеОсо отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад – Листа на видови на отпад – Националната класификација на дејности – Законот за државната статистика – Програмата за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	**П (Притисок)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз база на информациите и податоците кои се добиваат од Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад. Видот на отпадот се одредува според Листата на видови на отпад
Единица мерка	– Килограм/Тони/, годишно
Начин на претставување	индикаторот се претставува нумерички, табеларно, графички како: – вкупна количина на создаден медицински отпад во годината – вкупно по вид според шифрата на видот на отпадот
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	– А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – А2 Правни и физички лица
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Податоци од обрасците на Годишните извештаи за постапување со отпад од правни и физички лица, А1 – Податоци за вид и количина на отпад, А2
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во електронска
	форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	Годишните извештаи за постапување со отпад се доставуваат до Министерството за животна средина и простотрно планирање најкасно до 31 јануари во тековната година со податоци за претходната година

ПАРАМЕТРИ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Тематска целина	3 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Име на индикаторот	КП 1 – Емисии на стакленички гасови по извори и понори
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 010 –** Емисии и елиминација на стакленички гасови
Дефиниција	Индикаторот ги изразува количествата на емитираните стакленички гасови во атмосферата на национално ниво. Емисиите се презентираат според видот на стакленички гасови. Индикаторот, обезбедува информации за емисиите од секторите: енергија, индустриски процеси, земјоделство, шумарство и промена на употреба на земјиште и отпад.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната конвенција на ОН за климатски промени – UNFCCC и на Протоколот од Кјото **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Инвентарите на стакленички гасови се подготвуваат со употреба на методологијата предвидена во Ревидираните насоки на IPCC од 1996 година за Национални инвентари на стакленички гасови; Извештајот на IPCC од 2000 година за Насоки за добри практики и управување со несигурностите во националните инвентари на стакленички гасови; и ажурираната верзија 1.3.2 на Софтверот на IPCC од 1996 година за национални инвентари на стакленички гасови
Единица мерка	– Тони CO_2–еквивалентно
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Прв национален извештај на Македонија кон UNFCCC, МЖСПП, www.unfccc.org.mk – А2 Втор национален извештај на Македонија кон UNFCCC, МЖСПП, www.unfccc.org.mk – А3 Трет национален план за климатски промени, МЖСПП, www.unfccc.org.mk
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	Емисии на CO_2, CH_4 , N_2O, HFCs, PFCs и SF_6, А1, А2, А3
Обврски за известување	**Меѓународни** – Рамковната конвенција на ОН за климатски промени– UNFCCC **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат по електронски пат во сумарните табели од софтверот на IPCC од 1996 година за национални инвентари на стакленички гасови како и во CRF (вообичаениот формат за известување) табели
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	3 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Име на индикаторот	КП 2 – Проекции за емисии на стакленички гасови во секторот енеретика
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 011 –** Проекции за емисии и елиминација на стакленички гасови
Дефиниција	Индикаторот ги илустрира проектираните трендови во антропогените емисии на стакленички гасови – GHG со употреба на постојните политики и мерки и/или дополнителни политики и мерки. Проектираните трендови се презентираат само во секторот енергетика.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната конвенција на ОН за климатски промени – UNFCCC и на Протоколот од Кјото **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Примена на макро–економска анализа со користење на МАРКАЛ моделот
Единица мерка	– Тони CO_2–еквивалентно
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Трет национален план за климатски промени, МЖСПП, www.unfccc.org.mk
Честота на собирање на податоците	Тековна година до 2050, А1
Сет на податоци	– Прва група – „ЕУ сценарија" според коишто Република Македонија ќе ѝ се приклучи на ЕУ и ќе зачекори по релативно амбициозен пат кон намалување на емисиите – Втора група – „QELRC"– или „Квантифицирани обврски за ограничување или редукција на емисиите". Во овие сценарија, целите се засноваа на кумулативните намалувања на емисиите во текот на периодот споредено со нивото во базната година (1990) – Трета група сценарија – отстапување од основното сценарио (отстапување од референтното сценарио) и вклучуваат проекции за тоа што ќе се случи доколку Република Македонија ублажувањето на климатските промени го дефинира како отстапување од вообичаената политика
Обврски за известување	**Меѓународни** – Рамковната конвенција на ОН за климатски промени – UNFCCC **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните планови за климатски промени Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Преку националните планови за климатски промени
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	3 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Име на индикаторот	КП 3 – Потрошувачка на супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 006 – Проекции за емисии и елиминација на стакленички гасови
Дефиниција	Супстанците што ја осиромашуваат озонската обвивка (ODSs) се соединенија кои предизвикуваат осиромашување на озонската обвивка. Во оваа група се вклучени CFCs, HCFCs, HBFCs CCl4, халони, метилхлороформ, метилбромид. Генерално, многу се стабилни во тропосферата, а се распаѓаат само под влијание на ултравиолетовото зрачење од сонцето во стратосферата. При распаѓањето се ослободуваат хлорни или бромни атоми кои ги уништуваат молекулите на озон во стратосферата. Овој индикатор ја покажува потрошувачката на супстанците што ја осиромашуваат озонската обвивка (квантитативно) во Република Македонија
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Законот за ратификација на Виенската конвенција за заштита на озонската обвивка, со сукцесија е прифатен од страна на Република Македонија во 1994 година – Законот за ратификација на Монтреалскиот протокол за супстанците што ја осиромашуваат озонската обвивка, со сукцесија е прифатен од страна на Република Македонија во 1994 година – Закон за ратификација на Лондонскиот амандман кон Монтреалскиот протокол – Закон за ратификација на Копенхагенскиот амандман кон Монтреалскиот протокол – Закон за ратификација на Монтреалскиот амандман кон Монтреалскиот протокол – Закон за ратификација на Пекинškиот амандман кон Монтреалскиот протокол – Наредба за ограничување на увозот на уреди за климатизација што содржат хлорофлуоројаглеводород (HCFC). – Наредба за ограничување на увозот на супстанците кои ја осиромашуваат озонската обвивка – Наредба за забрана на производството и прометот на супстанците што ја осиромашуваат озонската обвивка како и производство и промет на производи што содржат супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка – Наредба за забрана на увозот и извозот на производи што содржат хлорофлуоројаглеводород (HCFC) – Правилник за супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка како производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка – Правилник за формата и содржината и начинот на доставување на извештајот за увезени и/или извезени супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка, како и за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка – Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка – Наредба за забрана на прометот на средства за ладење во цилиндри за еднократна употреба
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Индикаторот го покажува количеството на потрошени ODSs. До вредноста е дојдено кога вредноста на потрошеното количество изразено во метрички тони е мултиплицирано со потенцијалот на осиромашување на озонската обвивка (ODP).

	Во следната табела дадени се вредностите на ODP за супстанците кои наоѓаат примена во Македонија и чија потрошувачка се редуцира или контролира. Министерството за животна средина и просторно планирање/Канцеларијата за заштита на озонската обвивка располага со податоци за потрошувачката како во метрички, така и во ODP тони
Единица мерка	– Потрошувачката на ODSs е изразена во ODP тони што значи количество во метрички тони (MT) помножено со потенцијалот на осиромашување на озонската обвивка (ODP) за секоја супстанца поодделно
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 МЖСПП/Канцеларија за заштита на озонската обвивка
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– CFC–11, A1 – CFC–12, A1 – CFC–113, A1 – CFC–114, A1 – CFC–115, A1 – Халон–1211, A1 – Халон –1301, A1 – CFC–111, A1 – CCl4, A1 – HCFC–22, A1 – HCFC–141b, A1 – Метилбромид, A1
Обврски за известување	**Меѓународни** – UNIDO – UNEP–Секретаријат за заштита на озонската обвивка – Мултилатерален фонд на Монтреалскиот протокол **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година – Статистички годишник – годишно
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатени и електронски
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	3 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Име на индикаторот	КП 4 – Температура на воздухот
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја покажува средногодишната температура на воздухот, промените во одреден временски период и отстапувањата од долгогодишната средна температура на територија на целата земја или во одредени делови.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за хидрометеоролошка дејност
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Под температурата на воздухот се подразбира температурата на амбиенталниот воздух, мерена на сенка (во метеоролошка кукичка) на висина од 2 метри. Таа се мери со: стандарден стаклен термометар (живин или алкохолен) и електронски сензор. Основни показатели за температурата на воздухот за дадена локација, се: средна дневна температура, максимална дневна и минимална дневна температура. Средната дневна температура се добива со помош на температурите на воздухот измерени во 07, 14 и 21 часот (по месно време) според формулата: Таег = (T7+T14+2*T21)/4 Максимална дневна температура е најголемата температура на воздухот меѓу 21 часот (по месно време) претходниот и 21 часот (по месно време) денешниов ден. Минимална дневна температура е најмалата температура на воздухот меѓу 21 часот (по месно време) претходниот и 21 часот (по месно време) денешниов ден. Обработката на измерните податоци се состои во пресметување средни температури за одреден период и/или наоѓање на најголемите и најмалите вредности.
Единица мерка	– Степени целзиусови (^{0}C)
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи
Честота на собирање на податоците	Годишно, А1
Сет на податоци	– Средногодишна температура, А1 – Средномесечна највисока температура, А1 – Средномесечна најниска температура, А1 – Повеќегодишна средна температура, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – **Национални** – Статистички годишник - годишно – Статистики во животната средина – секоја втора година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Управата за хидрометеоролошки работи www.meteo.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатени и електронски
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	**3 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Име на индикаторот	**КП 5 – Атмосферски врнежи**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Показателот ги покажува годишните врнежи, односно, вкупното количество на воден талог паднат на одредена површина за одреден временски период, во течна или цврста состојба, и отстапувањата од долгогодишните просечни врнежи на територија на целата земја или во одредени делови.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за хидрометеоролошка дејност
Класификација по ДПСИР	**С (Состојба)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Течните врнежи се мерат со: дождомер, омброграф (плувиограф) и сензор за врнежи (кај автоматска метеоролошка станица). Инструментите се поставени на отворен простор, на висина од 1 метар. Со дождомерот се мерат вкупните акумулирани врнежи за одреден период. Временската резолуција може да биде: 6 часа, 12 часа и 24 часа. Во пракса најчесто се работи со дневната сума врнежи. Под дневна сума врнежи се подразбира количината воден талог паднат во период од 07 часот вчера до 07 часот денес. Омбрографот е механички регистрирен инструмент и го бележи паднатото количество воден талог во тек на времето. Неговата минимална временска резолуција е меѓу 1 и 10 минути, во зависност од типот на инструментот. Автоматскиот сензор за врнежи е електронски сензор. Има променлива временска резолуција, почнувајќи од 1 минута. Врз основа на дневната сума врнежи се врши пресметување на месечните, годишните и повеќегодишните средни суми. Од податоците од омбрографот и автоматскиот сензор за врнежи може да се пресмета интезитетот на врнежите (количината воден талог падната во единица време).
Единица мерка	– милиметри(mm), процент %, литар на метар квадратен, – 1 мм = 1литар/метар квадратен
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Управа за хидрометеоролошки работи
Честота на собирање на податоците	**Годишно, А1**
Сет на податоци	– Годишни суми врнежи, А1 – Месечни суми врнежи, А1 – Сезонски суми врнежи, А1 – Највисоки месечни врнежи, А1 – Најниски месечни врнежи, А1 – Повеќегодишни просечни врнежи, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – **Национални** – Статистички годишник - годишно – Статистики во животната средина – секоја втора година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Управата за хидрометеоролошки работи www.meteo.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатени и електронски
Краен рок за доставување на податоците	

ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ВОДА

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 1 – Биланс на води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 018 – Квантитет на водни ресурси
Дефиниција	Билансот на водите претставува количество на слатки води (атмосферски, површински и подземни) со кои располага една држава. Паднатите врнежи на копното (атмосферска вода) трпи трансформации, еден дел испарува, а друг дел се трансформира во површински и подземни текови. Подземните текови на одредени места повторно се појавуваат како површински води, а дел понираат подлабоко. Површинските и подземните води завршуваат во крајните реципиенти (езера, мориња, океани). Водниот биланс може да се изрази со една равенка, при што водно билансната равенка за дел од копното, односно за еден речен слив, може да се напише: $V=I+(-)DV$ каде (V) се влезни води, (I) се излезни води, а (DV) е промена во резервите на вода. Понатака водите се определуваат со: $V=(P+K)+(D_1+D_2+D_3)+R$ $I=(E_1+E_2)+(S_1+S_2+S_3)+(N_1+N_2)$ каде (P) се врнежи, (K) е кондензирана вода, (D_1) е површински дотек, (D_2) е подземен дотек низ порозна средина, (D_3) е подземен дотек низ карстни средини, (E_1) е испарување од водена површина, (E_2) е испарување од копно, (S_1) е површински истек, (S_2) е подземен истек низ порозна средина, (S_3) е подземен истек низ карст, (N_1) е вештачки одведена вода, (N_2) е неповратно потрошена вода, а (R) е вештачки доведена вода. Оваа равенка се користи за глобални оценки на водниот потенцијал и има едноставна форма, но многу е тежок процесот на определување на сите компоненти. Сите членови на оваа равенка можат да се изразат во висина на врнежи (mm), во интензитет (mm/s), во волумен (m^3) или во протек (m^3/s). Пресметка на индикаторот се врши врз основа на измерени и обработени податоци (годишни суми на врнежи, количина на протечени води, добиени и пресметани вредности за испарување) за период од една година (календарска или хидролошка). Поради недостапноста или недоволниот обем на релевантни мерења на одредени метеоролошки процеси и појави, поради комплексноста на хидрогеолошките односи и недоволното и нерамномерно истражување на подземните води, како и слабата опременост на хидрометеоролошките станици, во основните пресметки за билансот на водите воглавно се користат годишните суми на врнежи (mm) измерени на метеоролошките станици и просечните годишни протекувања на вода (m^3/s) измерени на одредени хидролошки станици.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/EEC – Guide to Hydrological Practices 2008 WMO–No168 **Прописи на РМ:** – Закон за хидрометеоролошка дејност – Закон за животната средина – Закон за водите – Закон за државна статистика – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Правилник за методологијата за содржината, начинот и постапката, ревидирањето на водостопанската основа на РМ
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	Среднорочно достапен (2–5 години во зависност од обработените хидролошки податоци и ако е задоволен капацитетот со потребен хидролошки кадар во УХМР)

Методологија на пресметување	Методи со набљудување (мониторинг и мерење) на хидролошки циклус и со пресметување со користење на р–ка на континуитет на маса Водниот биланс може да се изрази со една равенка, при што водно билансната равенка за дел од копното, односно за еден речен слив, може да се напише: V=I+(–)DV каде (V) се влезни води, (I) се излезни води, а (DV) е промена во резервите на вода. Понатака водите се определуваат со: $V=(P+K)+(D_1+D_2+D_3)+R$ $I=(E_1+E_2)+(S_1+S_2+S_3)+(N_1+N_2)$ каде (P) се врнежи, (K) е кондензирана вода, (D_1) е површински дотек, (D_2) е подземен дотек низ порозна средина, (D_3) е подземен дотек низ карстни средини, (E_1) е испарување од водена површина, (E_2) е испарување од копно, (S_1) е површински истек, (S_2) е подземен истек низ порозна средина, (S_3) е подземен истек низ карст, (N_1) е вештачки одведена вода, (N_2) е неповратно потрошена вода, а (R) е вештачки доведена вода. Оваа равенка се користи за глобални оценки на водниот потенцијал и има едноставна форма, но многу е тежок процесот на определување на сите компоненти. Сите членови на оваа равенка можат да се изразат во висина на врнежи (mm), во интензитет (mm/s), во волумен (m^3) или во протек (m^3/s)
Единица мерка	– Волумен (m^3) или протек (m^3/s)
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) **Потенцијален извор (Б)**	**А** – А1 Управа за хидрометеоролошки работи
Честота на собирање на податоците	**1 до 5 години**
Сет на податоци	– Просечен протек на хидролошката станица, А1 • Единици: m3/ s годишно – Просечни врнежи, А1 • Мерна единица: mm – Евапотранспирација, А1 • Мерна единица: mm – Ниво на подземни води, А1 • Мерна единица: cm, (m n.m.) – Биланс на води, А1 • Мерна единица: m^3 вода – во милиони/милијарди
Обврски за известување	**Меѓународни** – **EEA/ROD** • WISE – SoE Water Quantity Reporting **Национални**
Достапност на податоците	Во текот на годината се обработуваат податоци за претходната година (доколку има редовни хидрометриски мерења)
Начин на доставување на податоците	Изработка на Хидролошки Годишници (печатени и дигитална верзија)
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 2 – Водостој и протек на површински води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 018 – Квантитет на водни ресурси
Дефиниција	Индикаторот го следи водостојот и протекот на површинските води во текот на одредено време. Има потреба од систематско прибирање и обработување на податоци од водните ресурси чија основна улога е обезбедување информации до носителите на одлуки за статусот и промените на водните ресурси. Вакви информации може да се побараат за следниве потреби: А) Проценка на државните водни ресурси (количина, квалитет, распределба по време и простор), потенцијалот на развојот врзан со водите и можноста на водоснабдувањето за исполнување на сегашните или предвидените барања; Б) Планирање, дизајнирање и работа со водни проекти; В) Проценување на животната средина, економското и социјално влијание врз постоечките и предложените практитки за управување со водни ресурси и планираните стратегии за водите; Г) Обезбедување сигурност за луѓето и материјалните добра против хазарди врзани со водите, особено на појави на поплави и суши; Д) Распределување на водите меѓу спротиставени корисници, заедно во или надвор од земјата; Ѓ) Исполнување на регулаторни барања. Прекумернато користење на површинските води е честа појава на места каде што има наводнување и може да има појава на различни ефекти врз животната средина, како што се спуштање на нивото на водата во водотекот или езерото до пресушување, појава на зголемена ерозија, засолување и загадување на површинските и подземните води со минерални соли, пресушување на мочуришта итн. Потребно е следење на нивото на водата, разбирање на поединечните водни ресурси, водотеците и езерата, одредени пресметки и моделирање за разбирање на трендовите на промените на водостојот и протекувањата на водните количини, за крајна цел спречување на несаканите ефекти од прекумерното искористување на водите
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/EEC – Guide to Hydrological Practices 2008 WMO–No168 **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Закон за хидрометеоролошка дејност – Правилник за хидролошките и метеоролошките податоци и информации кои претставуваат класифицирани информации
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Индикаторот се пресметува како средногодишна вредност на ниво и протек на површински води
Единица Мерка	– Водостој – cm и Протек – m^3/s
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи – УХМР
Честота на собирање на	годишно

податоците	
Сет на податоци	– Протек на површински води, А1 • Мерна единица: m^3/s – Ниво на површински води, А1 • Мерна единица: cm или (mnm)
Обврски за известување	**Меѓународни:** – EEA/ROD • WISE SoE Water Quantity Reporting **Национални:** – Хидролошки годишник – годишно – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите треба да се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk, Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk и на веб страната на УХМР www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатено и електронски
Краен рок за доставување на податоците	Јуни–јули месец од тековната година со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 3 – Ниво на подземни води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 018 – Квантитет на водни ресурси
Дефиниција	Индикаторот го следи просечното ниво на подземните води месечно сезонски и годишно во соодветните пиезометри. УХМР раководи со мрежа на станици (пиезометри) каде на секој 5, 10, 15, 20, 25 и последен ден од месецот, се вршат набљудувања на нивото на водите од првиот аквифер. Во многу области подземните води се важен извор на снабдување со вода и поддржувач на површинското течение на реките. Со цел да се разбере во целост хидролошкиот систем, неопходно е да се разбере системот на подземните води. Генерално, проценката на подземните водни ресурси има неколку клучни компоненти: (а) Одредување на видовите и распределбата на водоносните слоеви во областа на истражување; (б) Евалуација на просторната и временската варијации на подземните водни нивоа за секој аквифер, што резултира од природни и вештачки процеси. Изградба на бунари и мерење на нивото на водата го олеснува овој преглед ; (в) Проценка на големината и дистрибуција на хидраулични својства, како што се порозност и пропустливост, за секој аквифер. Ова е услов за било кој тип на квантитативна проценка; (г) Разбирање на олеснувачките процеси или на оние кои влијаат на дотекот и истекот за секој аквифер. Ова вклучува и ефективна количината на врнежи кои достигнуваат до водното ниво, ефектите од евапотранспирација на нивото на водата, природата на интеракција меѓу подземната и површинската вода, и локацијата на и количината на води од извори и на онаа испумпана од бунари; (д) Интеграција на податоците на подземните води со цел да се потврдат информациите од повеќе извори, за да се разберат во однос на важноста различните процеси во системот, како и да се оцени капацитетот или можноста на системот на подземните води за да ги исполнат општите или специфичните (обично при водоснабдување) цели. Ова може да биде олеснето со развој на алатки за предвидување со користење на различни аналитички опции за воден буџет па се до компјутерски–базирани дигитални модели за подземни водни текови.
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/EEC – Guide to Hydrological Practices 2008 WMO–No168 **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Закон за хидрометеоролошка дејност
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Индикаторот е развиен врз основа на пресметување на аритметичка средина на соодветните податоци споредени со повеќегодишната средна вредност на нивото на подземни води (за најмалку 30 години – LTAA)
Единица мерка	– Ниво на подземни води изразено во cm (m.n.m.) – Количина изразено во m^3
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи - УХМР

Честота на собирање на податоците	**месечно и годишно**
Сет на податоци	– **Н**иво на подземни води изразена во cm (месечна, сезонска и годишна), A1 • Мерна единица: cm, (m.n.m.) – Количина, A1 • Мерна единица – m^3
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • WISE SoE Water Quantity Reporting **Национални** – Хидролошки годишник – годишноГодишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk, и УХМР www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатено и електронски
Краен рок за доставување на податоците	Јуни–јули месец од тековната година со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 4 – Штетни и опасни супстанци во површинските води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го покажува трендот на концентрациите на штетните и опасните супстанции во реките и езерата, како и следењето на ефикасноста на превземените мерки за да се спречи влошување на квалитетот на водните ресурси како резултат на човековата активност
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) – Директива за испуштање на опасни супстанции во водите Директива 76/464/ЕЕС, Директива 86/280/ЕЕС, Директива 82/176/ЕЕС, Директива 83/513/ЕЕС, Директива 84/491/ЕЕС и Директива 84/156/ЕЕС. **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите – Правилник за содржината и начинот на подготвување на информациите на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В за реки** **К за езера** (текот на податоците треба да се воспостави во рок од 1–2 години од денот на усвојување на Националната листа на показатели – податоците ќе бидат достапни во рок од 1–2 години)
Методологија на пресметување	За определување на хемиската состојба на површинските води во однос на штетни и опасни супстанции се користи средногодишната концентрација и максимално дозволената концентрација. Хемискиот статус на водното тело е добар доколку концентрациите на хемиските супстанции не ги надминуваат пропишаните вредностите
Единица мерка	– µg/l и mg/l
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи – УХМР – А2 ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид – ХБЗ
Честота на собирање на податоците	**месечно, сезонски и годишно**
Сет на податоци	– Опасни супстанции, А1, А2 • Мерна единица: µg/l и mg/l – Штетни супстанции, А1, А2 • Мерна единица: µg/l и mg/l
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на реки EWN1 (до 31.10 тековна година со податоци од претходната) • Квалитет на езера EWN2 (до 31.10 тековна година со податоци од претходната) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година

Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатени и електронски
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 5 – Еколошки статус на реки
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го прикажува еколошкиот статус на реките врз основа на следниве параметри за квалитет: биолошки елементи, хидроморфолошки параметри кои се јавуваат како поддршка на биолошките елементи, хемиски и физичко–хемиски параметри како поддршка на биолошките елементи и посебни загадувачи
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Правилник за методологијата за проценката на речните сливови – Правилник за содржината и начинот на подготвување на информациите на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Класификацијата на водните тела се врши врз основа на добиените вредности на анализите за биолошките елементи, хидроморфолошки параметри кои се јавуваат како поддршка на биолошките елементи, хемиски и физичко–хемиски параметри како поддршка на биолошките елементи. Според биолошките елементи, за одредување на класификацијата на реките се користи степенот на сапробност по Liebmann, а за одредување на сапробниот индекс се користи методот на Pantle i Buck, преку формулата: $S = \sum s \times h / \sum h$
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за Хидрометеоролошки работи – УХМР
Честота на собирање на податоците	**четири пати годишно: февруари, април, јули и октомври**
Сет на податоци	– Билошки елементи, А1 а. Состав и изобилство на водната флора б. Состав и изобилство на бентосната без'рбетна фауна в. Состав, избилство и старосна структура на рибна фауна – Хидроморфолошки елементи, А1 а. Хидролошки режим: • обем и динамика на протокот • врска со подземните води • континуитет на реки б. Морфолошки услови: • длабочина и ширина на реки • седимент на дното на реката • структира на крајбрежната зона • Мерна единица: [m] и [m^3] – Физичко – хемиски елементи, А1 а. Топлински услови – температура б. кислородни параметри – растворен О2, сатурација (заситен) на О2, БПК5 и ХПК в. Салинитет г. спроводливост

	д. Алкалитет е. pH ф. Хранителни материи: амонијак, нитрати, нитрити вкупен азот, ортофосфати, г. Приоритетни субстанци: тешки метали, полихлорирани ароматични јаглеводороди (PAH), фталати, азотофосфорни пестициди, полихлорирани бифенили (PCB), органохлорни пестициди и органохлорни компоненти, • Мерна единица: а. [°C] б. [mgO2/L] в. [%] г. [µS/cm] д. [mg CaCO3/L] е. нема ф. [mg N/L], [mg PO4/L] г. [mg/L]
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на реки (WISE – SoE River Quality Reporting) • RBMP **Национални** – Изработка на годишен извештај за квалитет на животна средин
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на Управата за хидрометеоролошки работи www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Електронски табели во Word и Exel и хартиена верзија.
Краен рок за доставување на податоците	Краен рок за доставување на месечни извештаи е два месеца од земањето на примероците, а за годишен извештај е крај на првиот квартал од тековната година со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 6 – Еколошки статус на езерата
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го прикажува еколошкиот статус на езерата врз основа на следниве параметри за квалитет: биолошки елементи, хидроморфолошки параметри кои се јавуваат како поддршка на биолошките елементи, хемиски и физичко–хемиски параметри како поддршка на биолошките елементи и посебни загадувачи
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Правилник за методологијата за проценката на речните сливови – Правилник за содржината и начинот на подготвување на информациите на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	(К) – текот на податоците треба да се воспостави во рок од 1–2 години од денот на усвојување на Националната листа на параметри – податоците ќе бидат достапни во рок од 1–2 години
Методологија на пресметување	Параметрите се определуваат врз основа на стандардни лимнолошки методи. Вредностите се изразуваат како концентрација на одредена материја на волумен вода. За определување на трофичкиот статус на површинските води се употребува средногодишната концентрација, а за одредени параметри и максимално добиената концентрација
Начин на претставување	индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид - ХБЗ **Б** – Б1 Природно Математички Факултет – Скопје
Честота на собирање на податоците	**месечно и годишно**
Сет на податоци	– Билошки елементи, А1, Б1 а. Состав, изобилство и биомаса на фитопланктон б. Состав, изобилство и биомаса на зоопланктон в. Состав и изобилство на макрофитска вегетација г. Состав и изобилство на бентосна безрбетна фауна д. Состав, изобилство и старосна структура на рибна фауна • Мерна единица: хлорофил *a* μg/l – Хидроморфолошки елементи, А1 а. Хидролошки режим: • количество и динамика на протокот на водата • време на задржување • врска со подземните води б. Морфолошки услови • варијација и длабочина на езерото • седимент на дното на езерото • структира на крајбрежната зона – Физично – хемиски елементи, А1, Б1 а. Прозирност – sechii depth (m) б. Топлински услови – температура в. Кислородни параметри – растворен O2, сатурација (заситен) на O2, БПК5 и ХПК г. Салинитет

	д. Спроводливост е. Алкалитет ф. pH х. Хранителни материи – амонијак, ортофосфати, нитрати, вкупен азот, вкупен фосфор г. Приоритетни субстанци: тешки метали, полихлорирани ароматични јаглеводороди (PAH), фталати, азотофосфорни пестициди, полихлорирани бифенили (PCB), органохлорни пестициди и органохлорни компоненти, • Мерна единица: а. [°C] б. [mg O2 /L] в. [%] г. [µS/cm] д. [mg CaCO3/L] е. нема ф. [µg N/L], [µg P/L] г. [mg/L]
Обврски за известување	**Меѓународни:** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на езера (WISE – SoE Lake Quality Reporting) • RBMP **Национални:** – Изработка на годишен извештај за квалитет на животна средина – Изработка на индикатори на животнат средина – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 7 – Супстанци кои конзумираат кислород во површински води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 019 –** Супстанци кои конзумираат кислород во реките
Дефиниција	Клучен индикатор за статусот на оксигенизација на водните тела е биохемиската потрошувачка на кислород (БПК), што претставува потрошувачка на кислород како резултат на активностите на организмите во водата кои ја трошат органската материја. Индикаторот ги илустрира сегашната состојба и трендовите во врска со БПК и концентрациите на амониум (NH_4) во реките
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС – Директивата за нитрати (91/676/ЕЕЦ) – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) – Директивата за индустриско спречување и контрола на загадувањето ИСКЗ (96/61/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Пресметувањето на индикаторите се базира на методологијата утврдена со WISE – SoE Reporting, детерминирана од страна на Европскиот топик центар за води при Европската агенција за животна средина. Со овој процес дефиниран е начинот на селекција на мониторинг–станиците, утврден е видот на параметри кои се мониторираат како и нивната фреквентност на прибирање
Единица мерка	– Годишниот просек на БПК по 5 или 7 – дневна инкубација (БПК5/БПК7) се изразува во mg O2/l – Вкупните годишни концентрации на амониум се изразуваат во mg N/l
Начин на претставување	Индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи- УХМР – А2 ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид - ХБЗ
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Биохемиска потрошувачка на кислород, А1, А2 • Мерна единица: mg/L – Вкупен амониум во водите, А1, А2 • Мерна единица: mg/L
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на реки (WISE – SoE Reporting – Rivers Water Quality) • Квалитет на езера (WISE – SoE Reporting – Lakes Water Quality) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството

	www.moepp.gov.mk и на Управата за хидрометеоролошки работи www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Месечно и годишно

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 8 – Нутриенти во водите
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ги прати промените на концентрациите на хранителните материи: вкупен азот, нитрати, нитрити и амонијак, ортофосфат и вкупен фосфор во реките и езерата. Зголемен и неконтралиран внес на горенаведените супстанци може да доведе до еутрофикација и со тоа влошување на еколошката состојба на водите а има и негативно влијание на можноста за користење на водите за различни намени
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) – Директивата за нитрати (91/676/ЕЕЦ) – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) – Директивата за индустриско спречување и контрола на загадувањето ИСКЗ (96/61/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В – за реки** **(К) – за езера** (текот на податоците треба да се воспостави во рок од 1–2 години од денот на усвојување на Националната листа на параметри – податоците ќе бидат достапни во рок од 1–2 години)
Методологија на пресметување	Пресметувањето на индикаторите се базира на методологијата утврдена со WISE – SoE Reporting, детерминирана од страна на Европскиот топик центар за води при Европската агенција за животна средина. Со овој процес дефиниран е начинот на селекција на мониторинг–станиците, утврден е видот на параметри кои се мониторираат како и нивната фреквентност на прибирање
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Управа за хидрометеоролошки работи - УХМР – А2 ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид - ХБЗ
Честота на собирање на податоците	**месечно и годишно**
Сет на податоци	– Концентрациите на вкупен азот, нитрати, нитрити и амонијак, А1, А2 • Мерна единица: mg/l – Концентрациите на ортофосфат и вкупен фосфор, А1, А2 • Мерна единица: mg/l
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на реки – WISE SoE – Rivers Water Quality • Квалитет на езера – WISE SoE – Lakes Water Quality **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на Државниот завод за статистика

	www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 9 – Хемиска состојба на подземните води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ги прати средногодишните вредности на концентрациите на хемиските елементи во подземните води. Индикаторот дава слика за трендот на концентрациите на нитратите и пестицидите во зависност од интензитетот за земјоделското производство
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС – Директива за подземни води 80/68/ЕЕС – Директивата за нитрати (91/676/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Се пресметува средногодишна вредност од измерените вредности за концентрација на пестициди (μg/l) и нитрати (mg/l) во текот на годината од сите пиезометри на водното тело на подземната вода
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа Хидрометеоролошки работи – УХМР – А2 ЈП Водовод и канализација – Скопје
Честота на собирање на податоците	месечно и годишно
Сет на податоци	– Средномесечна и средногодишна концентрација на нитрати, А1, А2 • Мерна единица: [mg/L] – Средномесечна и средногодишна концентрација на пестициди, А1, А2 • Мерна единица: [μg/L]
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • Квалитет на подземни води (WISE SoE Groundwater quality) **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk, и на страната на УХМР www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 10 – Класификација на состојбата на површинските води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 022** – Нутриенти во вода
Дефиниција	Индикаторот ја прикажува класификацијата на површинските води (реките и езерата) согласно нивната еколошката состојба како и условите на користење на водите за одделни намени **Врзани индикатори:** ВОД 5 – Еколошки статус на реки ВОД 6 – Еколошка статус на езерата ВОД 9 – Хемиската состојба на реките и езерата ВОД 11 – Еутрофикација на реките и езрата
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Класификација на статусот на површинските водни тела се прави врз основа на еколошкиот и хемискиот статус на водните тела
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи – УХМР – А2 ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид – ХБЗ
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Резултати од еколошкиот статус на површински води, А1, А2 – Резултати од хемиската состојба на површински води, А1, А2
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD – годишно • Квалитет на реки – WISE SoE – Rivers Water Quality • Квалитет на езера – WISE SoE – Lakes Water Quality **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk, и на страната на УХМР www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 11 – Еутрофикација на реки и езера
Поврзаност со усвоените национални индикатори	МК НИ 022 – Нутриенти во водите
Дефиниција	Индикаторот дава информации за состојбата на површинските води во однос на неорганското и органското загадување и потребен е за планирањето на заштитата на водите од еутрофикација од антропогено потекло **Врзани индикатори:** ВОД 7 – Супстанци кои конзумираат кислород во површински води
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС – Директивата за нитрати (91/676/ЕЕЦ) – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за животна средина – Закон за водите – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Измерените средногодишни вредности на вкупен фосфор и азот се споредуваат со вредностите на истите пропишани во Уредбата за класификација на водите, Сл. Весник на Р. Македонија 1999 година
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Управа за хидрометеоролошки работи – УХМР – А2 ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид – ХБЗ
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Вкупен фосфор, А1, А2 • Мерна единица: [μg/L] – Вкупен азот N, А1, А2 • Мерна единица: [μg/L] – Хлорофил а, А1, А2 • Мерна единица: [μg/L]
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • Квалитет на реки – WISE SoE – Rivers Water Quality • Квалитет на езера – WISE SoE – Lakes Water Quality **Национални** – Годишен извештај за квалитет на животната средина – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на УХМР www.meteo.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 12 – Цена на води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го прикажува трендот на движење на цените на услугите на претпријатијата кои управуваат со водите за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води по сектори (домаќинства и деловни субјекти) на ниво на општини и на ниво на цела територија на Р. Македонија
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Закон за државна статистика – Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води – Методологија за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на отпадни води – Уредба за критериуми и постапка за распределба на средства за изградба и одржување на водоснабдителни и канализациони системи од буџетот на РМ – Закон за комунални дејности
Класификација по ДПСИР	Р (реакција)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Индикаторот се пресметува како вкупна средногодишна цена на водата за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води за поедините општини или за цела држава. Цената на водата за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води се врши во согласност со пропишаните критериуми во Законот за Води (ќе се изработи тарифник за вода). Во креирањето на цената ќе учествуваат и советот на општините
Единица мерка	Ден/m^3
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Министерство за транспорт и врски – МТВ – А2 Министерство за животна средина и просторно планирање – МЖСПП – А3 Општини
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Број на регистрирани правни субјекти за изведување на водостопанска дејност и одведување на отпадни води, А1, А2, А3 – Унифицирана цена за услугите од претпријатија за вршење на водоснабдување и отстранување на отпадни води за домаќинства, индустрија и земјоделство, А1, А2, А3
Обврски за известување	нема
Достапност на податоците	Општини, МТВ и МЖСПП
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 13 – Вкупни акумулации
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го следи количеството и промената на вкупната количина на водата во акумулациите во Македонија, и се изразува како процентот на вода од акумулации во вкупниот биланс на води (свежа) во земјата. Користење на вода од акумулациите видно ја намалува количината на апстрахирана вода од природните ресурси (површинските и подземните води), но градењето на брани со цел изградба на акумулации има значително влијание врз промената или губење на природните екосистеми, намалување на биодиверзитетот на водните живеалишта и промена на изгледот на пејзажот **Врзани индикатори:** ВОД 1 – Биланс на води ВОД 3 – Ниво на подземни води
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Закон за хидрометеоролошка дејност – Уредба за управување со водите за 2012
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	– Средногодишна количина на волумен на вода во акумалациите
Единица мерка	– 10^3 m^3
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – МЖСПП – А2 Хидроелектрани – А3 Јавни претпријатија – ЈП
Честота на собирање на податоците	**месечно, сезонски (пролет, лето, есен, зима) и годишно**
Сет на податоци	– Количина на прилив на вода во акумулациите, А1, А2, А3 • Мерна единица: 10^3 m^3 – Количина на одлив на вода во акумулациите, А1, А2, А3 • Мерна единица: 10^3 m^3
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD - годишно • Квантитет на води (WISE SoE – Water Quantity) **Национални**
Достапност на податоците	МЖСПП, Хидроелектрани, ЈП
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 14 – Ефикасност на користење на вода
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја покажува количината на вода која се губи во системите за водоснабдување на оние правни лица кои се регистрирани за црпење на вода за производство или за дистрибуција на води **Врзани индикатори:** ВОД 17 –Користење на водни ресурси ВОД 15 – Индекс на експлоатација на водата (WEI)
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Закон за државна статистика
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Споредба на вкупно годишно апстрахирана количина на вода со вкупната годишна количина на вода која се доставува до крајните корисници Тоа е односот помеѓу доставената и зафатената количина на вода За сега во губитоците на вода се вклучени и водата која не се мери (перење на улици, заштита од пожари, наводнување на паркови и зеленила и сл.). Како резултат на што се јавуваат поголеми губитоци од реалните. Резултатот се изразува во %
Начин на претставување	– Индикаторот ги покажува графички процентот на загубите на вода за секое регистрирано претпријатије за снабдување на населението со вода и тоа на ниво на одделни региони, сливови, и вкупно на ниво на држава
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика – ДЗС – А2 Јавни претпријатија – ЈП
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Годишна апстрахирана количина на вода, А1, А2 • Мерна единица: 10^3 m^3/год. – Годишна количина на вода доставена до крајните корисници, А1, А2 • Мерна единица: 10^3 m^3
Обврски за известување	**Меѓународни** – OECD/EUROSTAT • Joint Questionnaire on Waters OECD/EUROSTAT Inland – EEA/ROD – годишно • Квантитет на води (WISE SoE Water Quantity) **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk и на страната на МИнистерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 15 – Индекс на експлоатација на водата (WEI)
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 018 –** Користење на водни ресурси
Дефиниција	Индексот на експлоатација на водата (WEI) претставува средно–годишно вкупно црпење на водата поделено со средно–годишниот вкупен обновлив воден ресурс на ниво на земја (држава), изразено во проценти
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Закон за државна статистика – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Правилник за методологијата за содржината, начинот и постапката, ревидирањето на водостопанската основа на Република Македонија
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Податоците се обезбедуваат и обработуваат по сектори и видови на индустрија. Експлоатационият индекс на вода (WEI) се пресметува како процент од средно годишната вредност на вкупните апстракција на вода поделена со вкупната средно годишната вредност на обновливи слатководни ресурси на ниво на држава. WEI (%)=totABS/ LTAA *100 Каде што: totABS = средно годишна вредност на вкупната апстракција на вода за сите намени; LTAA = долгорочна годишна просечна вредност на слатководните ресурси, каде податоците се изразени во просек за период од најмалку 20 последователни години. Единица = %
Единица мерка	– Индекс на експлоатација на водата – WEI (%); црпење на вода за наводнување, водоснабдување, преработувачка индустрија и ладење во енергијата (мил. m^3 годишно)
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика – ДЗС – А2 Управа за водостопанство – УВ – А3 ЈП Водовод и канализација – Скопје – ЈП – А4 Управа за хидрометеоролошки работи – УХМР
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Вкупно годишна количина на апстракција на вода за сите намени, А1, А2, А3, А4 • Мерна единица: 10^3 m^3 годишно – Биланс на слатките води, А1, А2, А3, А4 • Мерна единица: $10^3 m^1$ годишно
Обврски за известување	**Меѓународни** – OECD/EUROSTAT • Joint Questionnaire on Inland Waters– – EEA/ROD • Water Exploitation Indeks (WEI) **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година

	– Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 16 – Наводнувано земјиште
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 040 –** Наводнувано земјиште
Дефиниција	Индикаторот го покажува трендот на наводнета површина во даден временски интервал за целата површина на Република Македонија, како и вкупното количество на потрошена вода за целата територија и соодносот на наводнета површина во однос на вкупната обработлива површина
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Водостопанска основа на РМ – Национална стратегија за води (2012 - 2042) – Закон за државна статистика – Правилник за методологијата за содржината, начинот и постапката, ревидирањето на водостопанската основа на РМ – Закон за водни заедници – Закон за водостопанства
Класификација по ДПСИР	**Д (Движечки сили)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Податоците се обезбедуваат и обработуваат по години
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика – ДЗС – А2 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – МЗШВ
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– површина на наводнето земјиште, А1, А2 • Мерна единица: [h] – количество на вода користена за наводнување, А1, А2 • Мерна единица: [m3/годишно] – % на наводнето земјиште од вкупната обработлива површина, А1, А2 • Мерна единица: [%]
Обврски за известување	**Меѓународни** – OECD/EUROSTAT **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година – Годишен извештај за земјоделство и рурален развој
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 17 – Користење на водни ресурси
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го следи користењето на водните ресурси според нивната употреба во поедините сектори како што се: јавно водоснабдување, наводнување и производство на електрична струја (ладење) **Врзани индикатори:** ВОД 15 – Индекс на експлоатација на водата (WEI) ВОД 14 – Ефикасност на користење на вода
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за државна статистика – Програма за статистички истражувања – Закон за водите – Национална стратегија за води (2012 - 2042)
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Индикаторот се пресметува со пресметка на количината на зафатена вода за поедини намени на ниво на статистички региони и на ниво на држава.
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика – ДЗС
Честота на собирање на податоците	месечно и годишно
Сет на податоци	– Вкупна годишна количина на зафатена вода, А1 • Мерна единица: m^3 – Годишна количина на зафатена вода (јавно водостопанство (домаќинства и индустрија), производство на електрична струја (ладење) и наводнување), А1 • Мерна единица: m^3
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • Индикаторот CSI 018 • WISE–SoE Water Quantity Reporting – OECD/EUROSTAT • Joint Questionarie on Inland Waters **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 18– Сигурна вода за пиење
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот го прикажува уделот на домаќинствата кои имаат континуиран пристап до потребните количини на сигурна вода за пиење. Сигурната вода за пиење ја овозможуваат водоснабдителни претпријатија за јавно водоснабдување на населението. Јавно водоснабдување на населението е снабдување со вода на повеќе од пет домаќинства, односно на повеќе од 20 жители
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковна Директива за води 2000/60/ЕЕС – Директиваа за вода за пиење (80/778/ЕЕС) и нејзината ревизија (98/83/ЕС што влезе во сила во 2003 година) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	С
Методологија на пресметување	Индикаторот се пресметува со помош на формулата: (Н/П) х100– Каде Н– број на домаќинства кој имаат водоводен приклучок или имаат можност за приклучување на водоводна мрежа а П– вкупен број на домаќинства
Единица мерка	– [%] на домаќинства кои имаат водоводен приклучок (т.с. сигурна вода за пиење)
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Министерство за транспорт и врски - МТВ – А2 Институт за јавно здравје на Република Македонија – ИЈЗ – А3 Јавни претпријатија– ЈП
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Број на домаќинства кое има пристап до сигурна вода за пиење, А1, А2, А3 – Вкупен број на домаќинства, А1, А2, А3
Обврски за известување	– Нема
Достапност на податоците	
Начин на доставување на податоците	
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 19 – Потрошувачка на вода од јавен водовод
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Индикаторот ја следи потрошувачката на вода од јавната водоводна мрежа по глава на жител на ниво на општини и на ниво на држава во текот на подолг временски период, со цел да се има увид во потрошувачките количини на води, кое воедно ќе послужи и како основа за планирање, изградба и одржување на водоводни системи **Врзани индикатори:** ВОД 17 – Користење на водни ресурси ВОД 15 – Индекс на експлоатација на водата(WEI) ВОД 14 – Ефикасност на користење на вода
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Закон за државна статистика – Програма за статистички истражувања
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Вкупната количина на вода доставена до граѓаните преку јавен водовод поделена со бројот на жители со водоводен приклучок. Резултатот е изразен како средна вредност на измерените параметри.
Единица мерка	– Лит/ден/жител
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика – ДЗС – А2 Јавни претпријатија – ЈП
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Годишна потрошувачка на вода по жител, А1, А2 • Мерна единица: $10^3 m^3$ – Годишниот износ на вода дадено од страна на системи за водоснабдување, А1, А2 • Мерна единица: $10^3 m^3$
Обврски за известување	**Меѓународни** – OECD/EUROSTAT – EEA/ROD • Квантитет на води (WISE SoE Water Quantity Reporting) **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 20 – Квалитет на водата за пиење
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 039 –** Квалитет на водата за пиење
Дефиниција	Овој индикатор го прикажува надминувањето на граничните вредности според Директивата за вода за пиење (80/778/ЕЕС) и нејзината ревизија (98/83/ЕС што влезе во сила во 2003 година) и Правилникот за безбедноста на водата за пиење („Службен весник на РМ" бр.57/04), како и вредностите од Упатствата за квалитет на водата за пиење од Светската здравствена организација (СЗО, 2004 и 2006). Надминувањето на граничните вредности за квалитет на водата за пиење се појавува кога концентрацијата/дозата на загадувачката материја ги надминува граничните вредности утврдени со горенаведените прописи. Онаму каде што постојат повеќе гранични вредности (види дел за Цели на политиката), индикаторот го користи најстрогиот случај
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Директиваа за вода за пиење (80/778/ЕЕС) и нејзината ревизија (98/83/ЕС што влезе во сила во 2003 година) – Правилник за безбедноста на водата за пиење (Сл. Весник на РМ" бр.57/04), – Упатства за квалитет на водата за пиење од Светската здравствена организација (СЗО, 2004 и 2006) **Прописи на РМ:** – Закон за здравствена заштита – Закон за водите – Програма за превентивна здравствена заштита во Република Македонија – Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води – Уредба за класификација на водите – Закон за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната – Правилник за безбедност на водата за пиење
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	10–те регионални центри за јавно здравје – Скопје, Куманово, Велес, Штип, Кочани, Струмица, Прилеп, Битола, Охрид и Тетово со своите хигиенско–епидемиолошки станици во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје – Скопје вршат редовен и континуиран мониторинг на квалитетот на водата за пиење според бројот на мерни места и динамиката дефинирана во Правилникот за безбедност на водата за пиење, (Сл. Весник на РМ" бр.57/04). Заводите вршат основни физичко–хемиски и бактериолошки анализи на примероците на водата за пиење, додека Институт за јавно здравје на РМ врши следење на периодичната физичко–хемиска анализа, анализа на резидуи од пестициди, анализа на контаминенти, паразитолошка и радиолошка анализа
Единица мерка	– Број на аеробни мезофилни бактерии во 1 ml – Број на колиформни бактерии во 100 ml – Број на термотолерантни колиформни бактерии во 100 мл, концентрација на физичко–хемиски загадувачки материи во mg/l – Параметри за радиолошка исправност на водата за пиење во бекерели/l и вкупна индикативна доза во mSV/l
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Институт за јавно здравје на Република Македонија – ИЈЗ
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– % Исправни примероци, А1 – Физичко–хемиски % Неисправни, А1

	– Микробиолошки % Неисправни, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • Размена на податоците за квалитет на водата за пиење, во согласност со одлуката на Советот за воспоставување на реципрочна размена на информации и податоци за квалитетот на водата за пиење (98/83/ЕС) – Светска здравствена организација (WHO) – ENHIS – годишно • Квалитет на водата за пиење, во согласност со Упатствата на СЗО за квалитет на водата за пиење од 1987 и 2004 година **Национални** – Извештај за реализација на Програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија – годишно – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и на страната на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година.

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 21 – Квалитет на водата за капење
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 022 –** Квалитет на водата за капење
Дефиниција	Индикаторот ги опишува промените во текот на времето на квалитетот на назначените водни тела за капење, во смисла на придржување кон стандардите за микробиолошките параметри (вкупно колиформи и фекални колиформи) и физичко–хемиските параметри воведени со Директивата на ЕУ за водата за капење (76/160/ЕЕЗ)
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Директива на ЕУ за водата за капење (76/160/ЕЕЗ) **Прописи на РМ:** – Закон за водите – Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и водните ресурси – Уредба за класификација на водите
Класификација по ДПСИР	С (Состојба)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Според Уредба за класификација на водите и Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акомулациите и подземните води
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Институт за јавно здравје на Република Македонија – ИЈЗ
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– % на неисправни и исправни проби според физичко–хемиските параметри, А1 – % на неисправни и исправни проби според микробиолошките параметри, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – Светска здравствена организација (WHO) – годишно **Национални** – Извештај за реализација на Програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија – годишно – Индикатори за животна средина на Република Македонија – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на Република Македонија – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Институт на Јавно Здравје www.iph.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 22 – Емисии на загадувачки супстанции од точкасти извори во води
Поврзаност со усвоените национални индикатори	
Дефиниција	Овој индикатор го следи испуштањето на загадувачки материи од најголемите точкасти извори во површинските води по речни сливови и дава податоци за влијанието и притисокот кој истите го вршат врз водите. Сите антропогени активности имаат влијание врз квалитетот на водите. Во точкасти извори на загадување спаѓаат загадувањата од канализационите системи, уредите за прочистување на отпадни води како и индустриските погони кои може да се сведат на една точка на испуштање на отпадните води во реципиентот **Врзани индикатори:** ВОД 4 – Штетни и опасни супстанци во површинските води ВОД 8 – Нутриенти во водите ВОД 9 – Хемиска состојба на подземните води
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) – Директивата за индустриско спречување и контрола на загадувањето ИСКЗ (96/61/ЕЕЦ) – Европски регистар на испуштање и пренос на загадувачки материи, Е– ПРТР (ЕУ Регулативата 166/2006/ЕЕС) – Директива за испуштање на опасни супстанции во водите Директива 76/464/ЕЕС, Директива 86/280/ЕЕС, Директива 82/176/ЕЕС, Директива 83/513/ЕЕС, Директива 84/491/ЕЕС, и Директива 84/156/ЕЕС **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на испуштање и пренесување на загадувања. – Правилник за начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, вредности на концентрациите на тешки метали во тињата, согласно со нејзината намена и максималните годишни количини на тешки метали што може да се внесат во почвата . – Правилник за поблиските услови за собирање, одведување и прочистување, начинот и условите за проектирање, изградба и експлоатација на системите и станици за прочистување на урбаните отпадни води, како и техничките стандарди, параметрите, стандарди на емисијата и нормите за квалитет на предтретман, отстранување и прочистување на отпадни води, имајќи го во предвид оптоварувањето и методот за прочистување на урбаните отпадни води коишто се испуштаат во подрачјата чувствителни на испуштање ма урбани отпадни води. – Правилник за поблиските услови, начинот и максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистени отпадни води за нивно повторно користење . – Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони – Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта – Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на

	заштитените зони – Правилник за критериумите за утврдување на зоните чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води
Класификација по ДПСИР	**P (Реакција)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**C**
Методологија на пресметување	Индикаторот се изработува врз основа на количината на испуштени загадувачки материи од различни дејности (ИСКЗ и друго) изразени во kg/год на ниво на речни сливови и на ниво на држава, и емисии на загадувачки материи од уредите на прочистување на комунални отпадни води (kg/год) према капацитетот на уредот. Годишна емисија на загадувачки материи се пресметува према равенката: E (kg/god)= c (mg/L) x V (m^3/god)/1000. E – годишна количина на испуштени загадувачки материи C – концентрација на емитираните загадувачки материи V – вкупна количина на испуштени отпадни води
Единица мерка и начин на претставување	– kg/год
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Министерство за животна средина и просторно планирање – МЖСПП – А2 Оператори
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– органски параметри, А1, А2 • БПК5, • ХПКCr, • TSS (вкупно суспендирани честички) • Азот (како N–NH4+, N–NO3– , Ntot) • Вкупен Фосфор (Ptot) – приоритетни супстанции, А1, А2 – други значајни загадувачки материи, А1, А2
Обврски за известување	**Меѓународни** – EEA/ROD • Емисии во води (WISE–SoE Emissions data Reporting) • Европскиот регистар на испуштање и пренос на загадувачи (E–PRTR Reporting) • Директивата за третман на урбани отпадни води (Urban Waste Water treatment Directive (271/1991/EEC) Reporting) **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната

Тематска целина	6 ВОДА
Име на индикаторот	ВОД 23 – Пречистување на отпадни води од јавна канализација
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 024 –** Пречистување на урбани отпадни води
Дефиниција	Показателот ја прати количината на пречистена отпадна вода, приклученоста на населението како и степенот на третман на отпадните води. Индикаторот ги покажува: – промените во пречистувањето на отпадните води – агломерациите во кој отпадните води се пречистуваат – степенот на пречистување
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Рамковната директива за води РДВ (2000/60/ЕЕЦ) – Директивата за третман на урбани отпади води (91/271/ЕЕЦ) – Директивата за индустриско спречување и контрола на загадувањето ИСКЗ (96/61/ЕЕЦ) – Европски регистар на испуштање и пренос на загадувачки материи, Е– ПРТР (ЕУ Регулативата 166/2006/ЕЕС) **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за водите – Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи. – Правилник за начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, вредности на концентрациите на тешки метали во тињата, согласно со нејзината намена и максималните годишни количини на тешки метали што може да се внесат во почвата – Правилник за поблиските услови за собирање, одведување и прочистување, начинот и условите за проектирање, изградба и експлоатација на системите и станици за прочистување на урбаните отпадни води, како и техничките стандарди, параметрите, стандарди на емисијата и нормите за квалитет на предтретман, отстранување и прочистување на отпадни води, имајќи го во предвид оптоварувањето и методот за прочистување на урбаните отпадни води коишто се испуштаат во подрачјата чувствителни на испуштање на урбани отпадни води – Правилник за поблиските услови, начинот и максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистени отпадни води за нивно повторно користење – Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони
Класификација по ДПСИР	**Р (Реакција)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Во согласност со барањата на EUROSTAT
Единица мерка и начин на претставување	– % на население поврзан со станици за пречистување на отпадна вода
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика – ДЗС – А2 Јавни комунални претпријатија - ЈКП
Честота на собирање на	**годишно**

податоците	
Сет на податоци	– бројот (процентот) на населениоето позврзан со јавна канализација со и без системи за прочистување на отпадните води, А1, А2 • Мерна единица: %, број – бројот (процентот) на населениоето позврзан со јавна канализација со систем за прочистување на отпадните води, А1, А2 • Мерна единица: %, број – степенот на пречистување кај системите за пречистување на отпаните води, А1, А2 • Мерна единица: %, број
Обврски за известување	**Меѓународни** – OECD/EUROSTAT – Директивата за третман на урбани отпадни води (Urban Waste Water treatment Directive (271/1991/EEC) Reporting) **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Печатена и електронска форма
Краен рок за доставување на податоците	Март, со податоци од претходната година

ПАРАМЕТРИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Тематска целина	7 ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Име на индикаторот	ЗЕ 1 – Бруто биланс на азот
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 025 –** Бруто биланс на азот
Дефиниција	Индикаторот го проценува потенцијалниот вишок на азот во земјоделското земјиште. Ова се добива со пресметување на билансот помеѓу азотот применет на хектар земјоделско земјиште. Индикаторот ги зема предвид сите влезни и излезни материи на земјоделското стопанство (фармата). Влезните материи се состојат од количеството на азот применет преку минерални ѓубрива и арско ѓубриво, како и врзување на азотот од страна на азотофиксаторните растенија, наносите од воздух и од други помали извори. Излезниот азот се содржи во собраните (пожнеани) култури, како и тревите и растенијата што ги јаде стоката. Неконтролираното испуштање на азотот во атмосферата во вид на NO_2 од земјоделството тешко се проценува и затоа не се зема предвид
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за животната средина – Закон за земјоделско земјиште – Законот за заштита на природата – Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата
Класификација по ДПСИР	П (Притисок)
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	В
Методологија на пресметување	Методологијата за пресметка на индикаторот е земена од OECD/Eurostat national nutrient balances, која ги зема предвид сите влезни и излезни материи на земјоделското стопанство (фармата). Влезните азотни материи се состојат од: 1. Вкупното количество на употребено ѓубриво a. Неорганско ѓубриво b. Органско ѓубриво (се исклучува арското ѓубре) 2. Арско ѓубриво 3. Врзување на азотот од страна на азотофиксаторните растенија 4. Наносите на азот од воздух 5. Други помали извори (семе и друг саден материјал) Излезните азотни материи се состојат од: 1. Собраните (пожнеани) растителни култури, кои се пласирани на пазарот, во кои се вклучени и фуражните култури 2. Тревите и растенијата што ги јаде стоката Неконтролираното испуштање на азотот во атмосферата во вид на NO_2 од земјоделството тешко се проценува и затоа не се зема предвид
Единица мерка	– kgN/година на ha
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	А – А1 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	годишно
Сет на податоци	– Кличина на употребено неорганско ѓубриво, количина на употребено органско ѓубриво вклучително и арско ѓубриво, количини на азотофиксаторни растенија, количина на одредено семе и саден материјал, количина на наноси од азот во воздухот, количина на непазарни (ожнеани-попасени) одредени растителни култури вклучително и фуражни култури, количини на пазарни нефуражни и фуражни култури, земјоделска површина, А1

Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија настраната на Министерствотоwww.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	7 ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Име на индикаторот	**ЗЕ 2 – Површини со органско земјоделство**
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 026**–Површини со органско земјоделство
Дефиниција	Индикаторот се пресметува како удел (процент) на површина со органско земјоделство (збир од постојните површини со органско земјоделство и површини во процес на пренамена во органско земјоделство) од вкупната земјоделска површина или вкупната обработлива површина
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Регулативите (ЕС) 834/2007 и (ЕС) 889/2008 **Прописи на РМ:** – Закон за органско земјоделско производство – Закон за животната средина – Закон за заштита на природата
Класификација по ДПСИР	**Р (Реакција)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Според методата на Европската агенција за животна средина Индикаторот се изразува како збир на површина со органско производство и на површина што се конвертира т.е. пренаменува за органско производство поделена со вкупната обработлива површина или со вкупната земјоделска површина
Единица мерка	– ha, %
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – А2 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Обработлива површина во ha, А2 – Вкупна земјоделска површина во ha, А2 – Производна површина со органоко производствово ha, А1 – Шумски површини, пасишта, необработено земјиште со органско производство во ha, А1 – Површини под конверзија во ha, А1 – Растително органско производство, А1 – Број на оператори, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – ЕЕА **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерствотоwww.moepp.gov.mk
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	7 ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Име на индикаторот	ЗЕ 3 – Употреба на минерални ѓубрива
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 08 –** Употреба на минерални ѓубрива
Дефиниција	Минералните ѓубрива се супстанции што ги содржат хемиските елементи неопходни за раст и развој на растенијата, особено азот, фосфор и калиум. Овој индикатор ја покажува употребата на минерални ѓубрива во Република Македонија и тоа вкупните количества во тони од употребуваните супстанции, како и нивната примена на хектар обработлива површина
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за земјоделско земјиште – Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата – Закон за заштита на природата
Класификацијапо ДПСИР	**Д (Движечки сили)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Примена на одделни групи на минерални ѓубрива како мешани минерални ѓубрива, азотни ѓубрива, фосфорни ѓубрива, калиумови ѓубрива, како и вкупните минерални ѓубрива на хектар обработлива површина, се добива кога вкупното количество на употребуваната група на минерални ѓубрива изразена во kg се дели со вкупната обработлива површина изразена во ha
Единица мерка	– t, kg/ha
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Мешани минерални ѓубрива, А1 – Азотни ѓубрива, А1 – Фосфорни ѓубрива, А1 – Калиумови ѓубрива, А1 – Вкупни минерални ѓубрива, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk Извештај за произведените ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата од претходната година, како и Извештај за спроведување на Програмата за спроведување на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.
Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	7 ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Име на индикаторот	ЗЕ 4–Употреба на производи за заштита на растенијата
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 09 –** Употреба на средства за заштита на растенијата
Дефиниција	Производите за заштита на растенијата, односно пестицидите се хемиски супстанции кои ги супримираат болестите и штетниците кај растенијата. Овој индикатор ги дава количествата на употребуваните производи за заштита на растенијата како фунгициди, хербициди, инсектициди и категорија вкупно, во која влегуваат, покрај наведените и други производи за заштита на растенијата
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** **Прописи на РМ:** – Закон за земјоделско земјиште – Закон за заштита на природата – Закон за производи за заштита на растенијата – Закон за здравјето на растенијата
Класификација по ДПСИР	**Д (Движечки сили)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Процентуалната застапеност на разни групи на пестициди како фунгициди, хербициди и инсектициди се добива кога количеството на одделната група се дели со вкупното количество на употребуваните пестициди, а потоа добиената вредност се множи со сто. Примена на одделните групи на хектар обработлива површина се добива кога вкупното количество на употребуваната група на пестициди изразена во kg се дели со вкупната обработлива површина во Република Македонија изразена во ha
Единица мерка и начин на претставување	– %, kg/ha
Начин на претставување	– Индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– Процентуалната застапеност на разни групи на пестициди како фунгициди, хербициди и инсектициди, А1 – Вкупно употребени средства за заштита на растенијата на вкупно обработлива површина (kg/ha), А1
Обврски за известување	**Меѓународни** **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Одржлив развој – годишно – Состојба на животната средина на РМ – секоја четврта година
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерствотоwww.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk Извештај за произведените ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата од претходната година, како и Извештај за спроведување на Програмата за спроведување на мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата, сообразноста на производите за заштита на растенијата и нивни резидуи во примарни земјоделски производи.

Начин на доставување на податоците	Податоците се доставуваат во тврда копија по пошта или директно во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање како и во електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање
Краен рок за доставување на податоците	

ПАРАМЕТРИ ЗА ЕНЕРГИЈА

Тематска целина	8 ЕНЕРГИЈА
Име на индикаторот	Е 1 – Финална енергетска потрошувачка по сектори
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 027 –** Финална енергетска потрошувачка по сектори
Дефиниција	Финалната енергетска потрошувачка претставува потрошувачка на енергија за енергетски цели на крајните потрошувачи и се пресметува како збир на енергетската потрошувачка на сите сектори и тоа: индустријата, сообраќајот, земјоделството, домаќинствата и друго
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Регулатива за енергетска статистика (Регулатива бр.1099/2008 на Европскиот парламент и Совет) **Прописи на РМ:** – Закон за државна статистика – Закон за енергетика – Енергетски биланс на Република Македонија
Класификација по ДПСИР	**Д (Движечки сили)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
Методологија на пресметување	Статистичка методологија за пресметка: – Заеднички прашалници за: јаглен, нафта, природен гас, електрична енергија и топлина, обновлива енергија на Eurostat, ECE/UN и IEA/OECD – „Energy Statistics Methodology Eurostat F4, 1998" – Национална класификација на дејности (НКД Рев.2) („Сл. весник на РМ" бр. 147/2008)
Единица мерка	– илјади тони еквивалент на нафта (ktoe)
Начин на претставување	– индикаторот се претставува нумерички, табеларно и графички
Извор на податоци (А) Потенцијален извор (Б)	**А** – А1 Државен завод за статистика
Честота на собирање на податоците	**годишно**
Сет на податоци	– финална енергетска потрошувачка на секој сектор, А1
Обврски за известување	**Меѓународни** – Eurostat, ECE/UN и IEA/OECD **Национални** – Индикатори за животна средина на РМ – секоја втора година – Статистики во животната средина – секоја втора година – Статистички годишник – годишно – Одржлив развој – годишно
Достапност на податоците	Податоците се достапни во националните извештаи. Извештаите се достапни во електронска верзија на страната на Министерството www.moepp.gov.mk и Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk
Начин на доставување на податоците	
Краен рок за доставување на податоците	

Тематска целина	8 ЕНЕРГИЈА
Име на индикаторот	Е 2 – Вкупна енергетска интензивност
Поврзаност со усвоените национални индикатори	**МК НИ 028 –** Вкупна енергетска интензивност
Дефиниција	Вкупната енергетска интензивност претставува однос помеѓу вкупно потребната енергија со бруто–домашниот производ. Вкупно потребната енергија се пресметува како збир на вкупно потребната енергија од: цврсти горива, нафта, природен гас, електрична енергија (увоз–извоз) и обновливи извори. Бруто–домашниот производ е конвертиран по методот на ценовно приспособен курс (PARE) по методологија на ООН (во 1000 евра со базна година 2000)
Правна покриеност	**Прописи на ЕУ и други меѓународни прописи:** – Регулатива за енергетска статистика (Регулатива бр.1099/2008 на Европскиот парламент и Совет) **Прописи на РМ:** – Закон за државна статистика – Закон за енергетика – Енергетски биланс на Република Македонија
Класификација по ДПСИР	**Р (Реакција)**
Степен на приоритет за воспоставување на податоците	**В**
